
Предмет на овој договор е снабдување со топлинска енергија во деловниот простор на потрошувачот ____________________________________________________________

____________________________ со инсталирана моќност од W и со грејна површина од ________________ $m^2$.

ВРЕМЕ И МЕСТО НА ИСПОРАКАТА

Член 2

Снабдувањето со топлинска енергија на потрошувачите се врши во периодот од 15 октомври во тековната, до 15 април во наредната календарска година.

По исклучок од став 1 на овој член, грејната сезона може да почне порано, но не и пред 1 октомври, под услови предвидени во Правилникот за условите за снабдување со топлинска енергија.

По исклучок од став 1 на овој член грејната сезона може да продолжи и по 15 април, под услови предвидени во Правилникот за условите за снабдување со топлинска енергија

Член 3

Снабдувачот се обврзува потребната енергија за загревање на објектот да ја испорача на влезот на внатрешната инсталација на објектот, по квалитет и квантитет утврден во позитивните законски прописи и подзаконски акти

ПРАВНА И ОБВРСКИ

ОБВРСКИ НА СНАБДУВАЧОТ

Член 4

Снабдувачот е должен да му овозможи на потрошувачот за време на грејната сезона континуирано снабдување со топлинска енергија согласно Мрежните правила
Снабдувачот е должен во текот на грејната сезона во периодот од 06.00 часот до 21.00 часот да обезбеди температура во грејните простории, согласно Правилникот за условите за снабдување со топлинска енергија.

**Член 5**

Снабдувачот гарантира договорен квалитет на испорака на топлинска енергија. Единствено во објекти во кои внатрешната инсталација е технички и функционално исправна и во кои не е нарушен енергетскиот биланс.

**Член 6**

При вршењето на дејноста снабдување со топлинска енергија снабдувачот е должен

3. да постапува по писмените приговори на потрошувачите и во разумен рок писмено да им одговара
4. да ангажира стручни служби и средства за утврдување на квалитетот на испораката на топлинска енергија кај потрошувачите;
5. за време на грејната сезона да обезбеди контакт центар со 24-часовно работно време каде корисниците телефонски ќе можат да пријават рекламации;
6. благовремено да реагира на телефонските рекламации од лотрошувачите;
7. благовремено да обезбеди информации за промените во работењето кои се важни за потрошувачот;
8. да обезбеди доверливост, тајност и неповредливост на податоците за потрошувачите.

**ПРАВА НА СНАБДУВАЧОТ**

**Член 7**

Снабдувачот при вршењето на дејноста снабдување со топлинска енергија има право на:

9. непречен пристап на секој имот или објект до мерните уреди заради контрола, вградување, надзор, промена и сервисирање на мерните уреди
10. пристап во секој имот или објект до мерните уреди заради исклучување на испораката на топлинска енергија, во случај кога потрошувачот направил прекршок од законот за енергетика или не извршил плаќање на топлинската енергија во согласност со обврските од договорот за снабдување или роковите и условите за давање на услуга.

**Член 8**

Снабдувачот има право да ја ограничи или прекине испораката на топлинска енергија без согласност на Потрошувачот а по претходно известување, доколку истиот не ги исполнува обврските од договорот, особено ако:

11. потрошувачот користи услуга спротивно на одребите од договорот;
12. не го плати надоместокот за потрошената топлинска енергија согласно обврските од договорот;
13. се утврдат технички пречки или недостатоци на делот за чија исправност е одговорен потрошувачот
14. користи неодобрена опрема за греење
15. услугата се користи за други цели спротивни на договорот, законот и другите подзаконски прописи

## ОБВРСКИ НА ПОТРОШУВАЧОТ

**Член 9**

Потрошувачот има обврска во периодот од 15 мај до 15 септември во тековната година да изврши техничка контрола на исправноста на внатрешната инсталација на објектот, за да се обезбеди непречена испорака на топлинска енергија.

**Член 10**

Потрошувачот при користење на топлинската енергија е должен:

16. навремено да го плаќа надоместокот за потрошената топлинска енергија;
17. да постапува совесно и внимателно со користење на своите уреди или инсталации и да не ги загрозува животот и здравјето на луѓето и имотот;
18. без согласност на снабдувачот да не врши приклучување на својот објект, уред или инсталација односно да не овозможи преку својот објект, уред и инсталација приклучување на друг потрошувач.

— да овозможи правилно евидентирање на потрошената енергија и да не ја користи енергијата без мерни уреди, или со неодобрени мерни уреди

19. да не ја попречува испораката на топлинока енергија до другите лотрошувачи
20. во случај на недостиг на енергија да се придржува кон пропишаните мерки за намалување на потрошувачката.
21. да ги користи услугите на начин кој не е во спротивност со законските или другите прописи како и на условите содржани во овој

22. да не врши измена на грејната инсталација на објектот без соодветно техничко решение.верификувано од овластено лице
23. на барање на снабдувачот да дозволи пристап до внатрешната инсталација, поединечниот приклучок и топлотната потстаница

**Член 11**

Потрошувачот е должен кога на мерното место има повеќе потрошувачи да овласти лице кое во име на сите ја утврдува количината на испорачана топлинска енергија на ниво на мерно место, односно нивото.на загреаност на објектот.

Доколку потрошувачите не овластат лице, во смисол на став 1 од овој член, или писмено не го известат снабдувачот, испораката на топлинска енергија на мерното место ке се врши според дијаграм одреден од снабдувачот.

**Член 12**

Ако потрошувачот го оттуѓи или издаде под закуп предметниот деловен простор, истиот е должен веднаш или најдоцна во рок од 8 дена писмено да го извести испорачателот за промената, и да достави соодветна исправа, со цел испорачателот да ја евидентира промената и
склучи договор за испорака на топлинска енергија со новиот сопственик на деловниот простор.

Доколку потрошувачот не постапи согласно став 1 од овој член, ќе се смета дека договорот е сеуште во сила а потрошувачот и понатаму ке биде во обврска да ги плаќа фактурите за потрошена топлинска енергија, се до негово конечно одјавување кај снабдувачот.

**Член 13**

Ако кај потрошувачот настанат статусни промени, истиот е должен веднаш или најдоцна во рок од 8 дена, со писмен допис да го извести испорачателот и достави тековна состојба за извршената промена од овластениот орган.

Доколку потрошувачот не постапи согласно став 1 од овој член, ќе се смета дека правата и обврските кои произлегуваат од овој договор преминуваат на новиот правен субјект (правен следбеник) а со тоа и обврска да ги плаќа фактурите за потрошена топлинска енергија

**Член 14**

Договорениот квалитет на топлинска енергија; начинот и роковите на испораката; местото на испораката и мерењето; начинот на пресметување и плаќање можат да се променат со измена на важечките прописи или со заемно договарање на странките од договорот.

## ПРАВА НА ПОТРОШУВАЧОТ

**Член 15**

Потрошувачот има право на квалитетна и континуирана испорака на топлинска енергија и право да ги користи сите други услуги што ги врши снабдувачот

Потрошувачот еднаш во годината може да бара од Снабдувачот промена на начинот на плаќање, согласно важечките прописи најкасно до 15 јули во тековната година.

Потрошувачот има право да побара од Снабдувачот информации кои се однесуваат за цените и услугите што ги врши снабдувачот Потрошувачот има право да поднесе приговор на висината на износот од фактурите, приговор на работењето на снабдувачот и сл.

## ПРЕКИН НА ИСПОРАКА

**член 16**

До прекин односно до намалена испорака на топлинска енергија може да настане поради виша сила и други околности кои не зависат од Снабдувачот.

Снабдувачот се ослободува од обврската за снабдување со топлинска енергија за времетраењето на вишата сила и другите околности, се до отстранување на дефектите кои се последица на овие настани

## ЦЕНА, НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ И ДОСТАВА

**Член 17**

Цената на топлинска енергија се формира според Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија и Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.
Надоместокот за испорачана топлинска енергија се пресметува согласно со Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија

**Член 18**

Фактурирањето за извршената услуга, Снабдувачот го врши еднаш месечно, по истекот на периодот за фактурирање, а врз основа на распределбата на испорачаната топлинска енергија за греење (со распределувачи, по инсталирана моќност, или по м2 грејна површина) на ниво на тарифен потрошувач

**Член 19**

Фактурите се изготвуваат во еден примерок и истите се доставуваат до Потрошувачите. На писмено барање на Потрошувачот може да се изготви препис од фактура.

**Член 20**

Потрошувачот е должен фактурата за презамената топлинска енергија да ја плати веднаш по нејзиниот прием , односно во рок определен на самата фактура.

Потрошувачот може во рок од 15 дена сметано од денот на доставувањето на фактурата, но не подолго од триесет дена по истекот на месецот за кој се однесува фактурата за потрошена топлинска енергија да поднесе приговор во писмена форма до Снабдувачот.

Снабдувачот е должен во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на приговорот писмено да се изјасни по истиот. До колку по пригпоroutот се утврди дека фактурата е коректно изготвена не се менува валуатта на фактурата. Приговорот не го одложува плаќањето на фактурата за делот што не е спорен.

Доколку се утврди дека испорачаната топлинска енергија не е точно измерена, односно пресметана, Снабдувачот е должен да му го врати на Потрошувачот прекумерно пресметаниот износ во разумен рок, освен ако Потрошувачот не се изјасни поинаку.

**Член 21**

Фактурите за потрошена топлинска енергија се доставуваат на адресата на потрошувачот, а по негово писмено барање фактурите може да му се доставуваат на друга адреса во Скопје која што Потрошувачот ќе ја предложи.

Фактурите се доставуваат до потрошувачот на еден од вообичаениот начини за достава и тоа

- преку пошта;
- со предавање на потрошувачот или на вработено лице кај потрошувачот;
- со оставање во поштенско сандаче, или на влезната врата од деловниот простор или друго место определено за прием на поштенски пратки.

**Член 22**

Доколку Потрошувачот од било која причина најкасно до 15-ти во месецот не добие фактура за потрошена топлинска енергија од претходниот месец, должен е да побара препис од Снабдувачот, во спротивно ќе се смета дека фактурата му е навремено доставена.

Секое задоцнување со плаќање на фактурите повлекува казнена камата согласно позитивните прописи а Снабдувачот за секое задоцнето плаќање на фактурите ќе изготвува и доставува каматни листи до Потрошувачот

## ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ОТКАЗЕН РОК

**Член 23**

Овој Договор се склучува на неопределено време.

Договорот може да се раскине со взаемна согласност на двете договорни страни, со тоа што секоја страна е должна писмено да ја извести другата странка за раскинувањето на договорот и да постапи согласно правилата за прописно исклучување, утврдени во важечките прописи.

**Член 24**

Снабдувачот може да го раскине договорот и без согласност на потрошувачот, поради следните причини

- доколку потрошувачот не ги исполнува обврските од овој договор
- поради ненавремено плаќање на фактурите за потрошена топлинска енергија
- доколку потрошувачот ја користи услугата спротивно на условите од овој договор.
- во случаи на стечај, ликвидација или неликвидност на Потрошувачот,
- доколку Снабдувачот не по своја вина не е во можност да му ги обезбедува услугите на потрошувачот подолго од 2 месеца.

**Член 25**

Потрошувачот може да го раскине договорот врз основа негово писмено барање доставено до снабдувачот.

Снабдувачот е должен согласно на ст.1 од овој член, веднаш а најкасно во рок од 15 дена да постапи по барањето за раскинување на договорот за испорака на топлинска енергија, под услов потрошувачот да ги има подмирено сите доспеани обврски према Снабдувачот по основ на испорачана топлинска енергија.

**Член 26**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе важат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за енергетика, Правилникот за условите за снабдување со топлинска енергија, Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија , Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија и други подзаконски акти што ја регулираат оваа материја.

**Член 27**

Сите спорови кои ќе настанат во врска со примената на овој договор, Снабдувачот и Потрошувачот, претходно ќе ги решаваат спогодбено.
Во случај на спор, надлежен е Основниот суд Скопје 2 во Скопје.

**Член 28**

Овој Договор влегува во сила од денот на неговото потпишување од страна на договорните страни

Со потпишувањето на овој Договор престануваат да важат сите претходни договори за користење на топлинска енергија склучени помеѓу страните.

**Член 29**

Овој Договор е составен во 2 (два) еднакви примероци од кои 1(еден) примерок е за потрошувачот и 1 (еден) примерок за снабдувачот.

Снабдувач Тарифен потрошувач

___________ ___________________

Член 3

Раководителот на Одделение за материјално и финаксиско сметководтсво на ОА, се задолжува и овластува да ги преземе сите потребни активности заради склучување на горенаведените договора, што подразбира, потпишување на истиот, како и останати активности ( солемнизација на договорот).

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 07- 430/18
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Договор за приклучок на електродистрибутивен систем, помеѓу Општина Аеродром, ЕВН Македонија и Агенција за спорт и млади, за објект фудбалско игралиште на локација на бул.АВНОЈ бб кај МЗТ спортска сала

Се објавува Одлуката за давање согласност на Договор за приклучок на електродистрибутивен систем, помеѓу Општина Аеродром, ЕВН Македонија и Агенција за спорт и млади, за објект фудбалско игралиште на локација на бул.АВНОЈ бб кај МЗТ спортска сала, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/21
13.декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 24 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” бр.07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06 и 02/2010), а согласно одлуката број 07-3/4 од 13.01.2010 година (Службен гласник на ОА“ број 01/2010), Советот на Општина Аеродром на својата 42 седница одржана на 10.12.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Договор за приклучок на електродистрибутивен систем, помеѓу Општина Аеродром, ЕВН Македонија и Агенција за спорт и млади, за објект фудбалско игралиште на локација на бул.АВНОЈ бб кај МЗТ спортска сала

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Договор за приклучок на електродистрибутивен систем, Општина Аеродром, ЕВН Македонија и Агенција за спорт и млади, за објект фудбалско игралиште на локација на бул.АВНОЈ бб кај МЗТ спортска сала.

Член 2

Договорот од член 1 ќе се склучи со цел регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни, а во врска со приклучок на електродистрибутивен систем, на фудбалско игралиште на локацијата од член 1, како дел од активностите кои општина Аеродром ќе ги преземе во насока на реализација на изградбата на фудбалските игралишта на нејзино подрачје, кои се дел од проектот за изградба на 50(педесет) фудбалски игралиштана територија на РМ.

Член 3

Се задолжува и овластува раководителот на Одделение за комунални работи, да го потпише договорот за приклучок на електродистрибутивна мрежа за стандардни приклучоци, кој гласи:

ДОГОВОР

за приклучок на дистрибутивна мрежа

1. ЕВН Електростопанство на Македонија, АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, Скопје застапувана од претседателот на управниот одбор Вернер Хенгст и член на управен одбор игор Гиевски од една страна ( во понатамошниот текст: ЕВН Македонија АД СКопје) и
2. Општина Аеродром ул.Венјамин Мачуковски бр.6 Скопје, ЕДБ 4030004547854 жиро сметка 775016011963011 депонент на НБРМ, Градоначалник Ивица Коневски (во понатамошниот текст: барател на приклучок)
3. Агенција за спорт и млади на Република Македонија, ул.Франклун Рузвелт бр.34, Скопје со ЕДБ 4030998355797 жиро сметка 161011522963716 депонент на НБРМ, претставувана од лицето Диме Спасов (како пристапувач кон долг)

Член 1: Предмет на Договорот

Предмет на овој Договор е изведување на приклучок на електридидтрибутивен систем, на фудбалско игралиште на локлација на ул.АВНОЈ бб кај МЗТ спортска сала, Општина Аеродром –СКопје, врз основа на Решението за согласност за приклучување на Баратлеот на приклучок на електродистрибутивна мрежа бр.24-4748/2 од 13.10.2010 година.

Под приклучок од став 1 од овој член се подразбира функционална врска на електроенергетски објекти (трансформатотски станици, водоводи, опрема и уреди за дистрибуција на електрична енергија) со кои електроенергетските објекти и инсталации на корисникот се поврзуваат на дистрибутивниот систем.

За секоја потреба од измената на податоците од Решението за издавање на согласност за приклучување, Барателот на приклучокот е должен да прибави ново Решение за издавање на согласност за прилучување . Ако се потребни дополнителни градежни и/или електромонтажни работи, Барателот на приклучокот треба да склучи нов договр за приклучок на дистрибутивна мрежа согласно изенетата состојба.

Член 2
Обврски и права на ЕВН Македонија АД Скопје
Во рамки на изведување на приклучокот на електродистрибутивен систем ЕВН Македонија АД СКопје презема неопходни мерки за проширување и/или зајакнување на дистрибутивниот систем.
ЕВн Македонија АД СКопје се обврзува договорената работа да ја изведе согласно:детална пресметка на трошоци од Прилог 1 кој е составен дела на овој Договр, решението за издавање на согласност за приклучување, важечките закони и техничките прописи и стандради за изведба на таков вид на работи и објекти.
ЕВн Македонија АД Скопје може договорената работа да ја даде на друго лице егистрирано за вршење на работи од таков вид , но само под стручен надзор на АВН МАкедонија АД СКопје.

Член 3
Вредност на Договорот
Договорената вредност за изведување на приклучокот согласно член 2 изнесува 91.475,00 денари +18% ДДВ или вкупно денари 107.941,00(стоседумилјадидеветстотиничетириесетиеден денари), врз основа на детална пресметка на трошоци од Прилог 1.

Член 4
Начин на плаќање
Плаќањето на андоместокот за изградба на приклучокот од член 3, ќе го изврши пристапувачот кон долгот, по фактура која гласи на име на Агенцијата за млади и спорт на РМ, на следниот начин:
-91.475,00 денари +18% ДДВ или вкупно денари 107.941,00, пред почетокот на изведување на работите Пристапувачот кон долгот е обврзан износот определен во ставот 1 на овој член да го уплати на сметка на ЕВН Македонија АД Скопје на сметка број 300000002847568 и ЕДБ 4030005565759 Комерцијална банка АД Скопје

Член 5
Рок за завршување н аработите
Рокот за завршување на работите предвидени во членот 1 на овој Договор изнесува 90(деведесет) дена од денот на прибавување на неопходните дозволи за изградба на приклучокот за што претходно биле уплатени средствата предвидени во член 4.Рокот определен во став 1 на овој член може да се продолжи во следните случаи:
-виша сила
-Поради непредвидливии/или дополнитени работи
-Со взаемна согласност на договарачите
-Со одлука на надлежен државен орган донесена во постапка определена со закон
Доколку настанат дополнителни трошоци за изведување на приклучокот кои не се предвидени во Прилог 1 ќе ги соси пристапувачот кон долгот.

Член 6
Разрешување на спорови
Евентуалните спорови во врска со овој договор, ЕВн Македонија АД Скопје и Барателот на приклучок и пристапувачот кон долгот ќе ги решаваат по мирен пат.
Во случај на неуспех спорот да се реши по мирен пат, ЕВН Македонија АД СКопје и и Барателот на приклучок и пристапувачот кон долгот ја признаваат надлежноста на Основниот суд Скопје II Скопје.

Член 7
Измени и дополнувања
Овој Договор може да се измени и дополни на барање на ЕВн Македонија АД Скопје и Барателот на приклучок и пристапувачот кон долгот, со склучување на накес на Договорот.

Член 8

Потпишување на Договорот
Договорот за приклучок на електродистрибутивниот систем се потпишува во 4(четири0 еднообразни примероци од кои 2 (два) за барателот на приклучок и пристапувачот кон долгот и 2(два“ за ЕВн Македонија АД Скопје.

Член 9
За се што не е уредено со овој Договор ќе се приемнува Законот за облигациони односи.

Општина Аеродром ЕВН Македонија АД Скопје Агенција за спорт и млади

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот објавувањето, во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 07- 430/20
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за давање согласност на Договор за послуга , помеѓу Општина Аеродром и Културно уметничко друштво „Никола Јонков Вапцаров“, Скопје

Се објавува Одлуката за давање согласност на Договор за послуга , помеѓу Општина Аеродром и Културно уметничко друштво „Никола Јонков Вапцаров“, Скопје, донесен на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/23
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 603 од Законот за облигациони односи („Службен весник на РМ“ број 18/01, 04/02, 84/08) и 81/09) и член 24 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05, 07/06, 02/2010), Советот на Општина Аеродром на 42-та седница, одржана на ден 10.12.2010 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за давање согласност на Договор за послуга , помеѓу Општина Аеродром и Културно уметничко друштво „Никола Јонков Вапцаров“, Скопје

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Договор за послуга, помеѓу Општина Аеродром и Културно уметничко друштво „Никола Јонков Вапцаров“, Скопје, Скопје.

Член 2

Со цел уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни, во врска со давање на користење без надомест на локал со површина од 78 м2 како дел од деловен простор во Т.Ц. Лисиче, кој лежи на КП бр. 2470 КО Кисела Вода 2,,

Општина Аеродром како послугодавач ќе склучи Договор за послуга со Културно уметничко друштво „Никола Јонков Вапцаров“, Скопје, како послугопримач, кој гласи:

**ДОГОВОР ЗА ПОСЛУГА**

Склучен на ден ____________20__ година помеѓу:

1. **ОПШТИНА АЕРОДРОМ** со седиште на ул. Венијамин Мачуковски бр. 6, 1000 Скопје застапувана од ________________________________________, врз основа на Одлука на Совет број _________ од ________ година, ЕМБС 5980283, ЕДБ 4030004547854 депонент на НБРМ и ж-ска 775016011963011 (во понатамошниот текст: Послугодавач)
и
2. Културно уметничко друштво **Никола Јонков Вапцаров**, трговски центар Населба Лисиче, 1000 Скопје, застапувано од Претседателот Зоран Цветковски (во понатамошниот текст: Послугопримач)

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 1: Со овој Договор се уредуваат правата и обврските на послугодавачот и послугопримачот во врска со давање на користење без надомест на локал со површина од 78 м2 како дел од деловен простор во Т.Ц. Лисиче, кој лежи на КП бр. 2470 КО Кисела Вода 2, согласно Одлуката на Советот на општина Аеродром бр. _____ од _______ година.

Целиот деловен простор како и локалот предмет на овој договор е сопственост на закуподавачот согласно Протокол за делбен биланс со утврдување на последната имотна и финансиска состојба по донесување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Сл. Весник на РМ“ бр. 55/04), а со датум на поделба на Општина Кисела Вода и Општина Аеродром од 12.04.2005 година, заверен во Општина Аеродром со бр. 08-4536/1 од 12.06.2009 година и Имотен лист број 49444 и истиот е со површина од 78 м2 и ќе се користи за наменско користење од страна на културно уметничко друштво Никола Јонков Вапцаров.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 2.Овој договор се склучува на неопределено време.

**ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР**

Член 3:На денот на потпишување на овој Договор деловниот простор го користи послугопримачот, а договорните страни составуваат Записник за констатирана состојба кој претставува составен дел на овој Договор.

Член 4:Послугопримачот гарантира дека ги има измирено сите обврски кон доверителите за дадените услуги за парно греење, струја, вода, телефон, како и други услуги доколку Послугопримачот ги користел во текот на користење на делот од деловниот простор пред давање на истиот на послуга.

Од денот на примопредавањето на деловниот простор послугопримачот се обврзува да постави контролен струјомер и контролен водомер за локалот и да ги плаќа трошоците за тековно одржување, како и трошоците од употребата на деловниот простор (ПТТ, струја, греење, вода, кондиционирање, изнесување на сметот) други законски обврски, кои произлегуваат од редовното користење на делот од деловниот простор.

Послугопримачот е согласен на барање на овластено лице од послугодавачот да му даде на увид доказ за измирени обврски, а во спротивно одговара за штетите што ќе настапат на страна на послугодавачот како последица на неплаќањето на трошоците предвидени во став 1 од овој член.

Член 5.Послугопримачот е должен предметот да го чува и да го користи со потребно внимание (на добар домаќин, добар стопанственик или внимание на добар стручњак).

Тој одговара за штетата што ќе настане со употребата спротивно на став 1 од овој член.

Послугопримачот се обврзува да дозволи во деловната просторија да се извршат работи на реконструкција на деловниот простор од страна на Послугодавачот, како и работи што се неопходни за остранување на дефекти на тој деловен простор, а тие не можат да се отстранат на друг начин.

Член 6: Послугопримачот не може без писмена согласност на послугодавачот да врши измени на деловниот простор (преградување, преправки и други инвестициони работи).

Трошоците за работите од став 1 на овој член, ги сноси послугопримачот.

Член7:Послугопримачот е должен да го извести Послугодавачот за секоја непредвидена опасност која во текот на користење на предметот на послуга би им се заканила на просториите, за да може тој да ги превземе потребните мерки за заштита.

Послугодавачот не одговара за штетата што послугопримачот ќе ја претрпи врз предметите што ги внел во деловниот простор.

Член 8:Без согласност на послугодавачот, послугопримачот не може предметот да го дава на послуга или на друг начин да го отстапува на трети лица.

Ако послугопримачот го предал предметот на користење на трето лице, послугодавачот има право да бара непосредно од третото лице да му го врати.

За штетата што би ја претрпел послугодавачот со давањето на предметот на трето лице без негова согласност, солидарно одговараат послугопримачот и третото лице ако знаело или можело да знае дека предметот е даден на послуга без можност да се пренесе на друг.

Доколку послугопримачот постапи спротивно на став 1 од овој член, овој договор се смета за раскинат.

**ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 9.Договорот за послуга може да го откаже секоја договорна страна, со доставување писмено известување во секој момент, со отказен рок од 30 дена.

Отказниот рок започнува да тече од денот кога писменото известување за откажувањето е доставено до спротивната страна на начин опишан во член 15.

Ако послугопримачот и по опомената од послугодавачот го употребува деловниот простор спротивно на Договорот или на неговата намена или го занемарува неговото одржување и постои опасност од значителна штета за послугодавачот, тој може да го раскине Договорот.

Член 10:Кога ќе престане послугата, послугопримачот може да ги однесе додатоците што ги внел, ако можат да се одвојат без оштетување на просториите или да ги отстрани на свој терет, а просторот да го врати во владение на послугодавачот испразнет од ствари и луѓе.

Член 11:Договорот за послуга престанува да важи ако на послугодавачот:

1. Со правосилна пресуда му биде забрането вршење на дејноста.
2. Ако со несовесен начин на користење нанесува штета на деловниот простор.
3. Ако врши преправки, преградување и слично без согласност од послугодавачот.

Член 12:При иселување од деловната просторија по било кој основ послугодавачот се обврзува деловниот простор да го предаде записнички, во исправна состојба, а во спротивно одговара за штетата причинета од тоа.

Послугодавачот е должен при примопредавање на деловниот простор да приложи доказ за измирени обврски од член 4 и член 6 од овој Договор, во спротивно одговара за штетата која ќе настапи на страната на послугодавачот од неплаќањето.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 13.Послугопримачот ја превзема одговорноста за применување на сите законски прописи од обласа на ПП-заштита како и трошоците за набавка на пропишаната ПП-опрема, во деловниот простор.

Член 14:Двете договорни страни се согласни овој Договор да има сила на извршна исправа.

Послугопримачот изрично изјавува дека е согласен во случај на отказ или раскинување на овој Договор на барање на послугодавачот да може непосредно врз основа на овој договор да се спроведе присилно извршување за иселување на послугопримачот од деловниот простор и предавање на владението на предметната недвижност на послугодавачот.

Овој Договор преставува извршна исправа и Послугопримачот изричито изјавува дека е согласен непосредно врз основа на овој Договор да се спроведе присилно извршување на побарувањата што послугодавачот ги има кон послугопримачот, од сметките или имотот на послугопримачот.

Нотарските трошоци за солемнизација на овој договор се на товар на послугопримачот.

Член 15:Договорните страни се согласни доставувањето на сите писмена во врска со овој договор да се смета за полноважно ако е извршено по пошта со препорачана пратка на следните адреси:

За послугодавачот: ул. Венијамин Мачуковски бр. 6, Скопје и послугопримачот: Трговски центар Населба Лисиче, 1000 Скопје

Договорните страни се согласни, доколку го променат седиштето, за промената на седиштето во рок од 3 дена од извршената промена да ја известат по пошта со препорачана пратка или лично со писмено известување, другата договорна страна, а во спротивно ќе се смета дека доставата на писмената е уредно извршена доколку е направен обид писмената да се предадат на наведените адреси во став 1 на овој член, а договорните страни нема да бидат пронајдени на наведените адреси.

Член 16:За се што не е договорено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и другите позитивни законски прописи од областа на закуп на недвижности.

Член 17:Овој Договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои 3 (три) за послугодавачот, 3 (три) за послугопримачот.

**ПОСЛУГОПРИМАЧ**
Културно уметничко друштво
Никола Јонков Вапцаров

**ПОСЛУГОДАВАЧ**
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Член 3

Помошник - Раководителот на Секторот за правни и општи работи и имот и имотно-правни работи на Општина Аеродром, се задолжува и овластува да ги преземе сите потребни активности заради склучување на горенаведениот договор, што подразбира, потпишување на истиот, како и да ги преземе сите потребни активности со цел да се изврши солемнизација на договорот.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 07- 430/22
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за задолжување на Раководителот на Одделението за комунални работи на Општина Аеродром, за преземање активности со цел регулирање на договорни обврски кон ангажирани сезонски работници во Општина Аеродром

Се објавува Одлуката за задолжување на Раководителот на Одделението за комунални работи на Општина Аеродром, за преземање активности со цел регулирање на договорни обврски кон ангажирани сезонски работници во Општина Аеродром, донесен на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10 декември.2010 година.

Број 08-430/25
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 16 став 1 точка 4 в.в. со член 24 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06 и 02/2010), Советот на Општина Аеродром на својата 42 седница, одржана на ден 10.12.2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
за задолжување на Раководителот на Одделението за комунални работи на Општина Аеродром, за преземање активности со цел регулирање на договорни обврски кон ангажирани сезонски работници во Општина Аеродром

Член 1

Со оваа Одлука се задолжува и овластува Раководителот на Одделението за комунални работи на Општина Аеродром, да ги преземе сите потребни активности со цел регулирање на договорните обврски кон ангажирани сезонски работници во Општина Аеродром, кои ја одржуваат јавната чистота на подрачје на општината.

Член 2

Со цел регулирање на договорните обврски за 2011 година, ќе се склучат договори со вкупно 100 ангажирани сезонски работници во Општина Аеродром, кои ја одржуваат јавната чистота на подрачје на општината.

Во случај на откажување на договорот, од страна на ангажираното лице, Раководителот на Одделението за комунални работи, може да склучи договор со друго лице, до пополнување на бројот на агажирани сезонски работници од став 1 на овој член.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром“.

Број 07- 430/24
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за задолжување на Одделението за односи со јавност на Општина Аеродром, за преземање активности со цел регулирање на договорни обврски кон ангажирани стручни лица во Општина Аеродром

Се објавува Одлуката за задолжување на Одделението за односи со јавност на Општина Аеродром, за преземање активности со цел регулирање на договорни обврски кон ангажирани стручни лица во Општина Аеродром, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/27
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 24 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05 и “Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06 и 02/2010), Советот на Општина Аеродром на својата 42-та седница, одржана на ден 10.12.2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

за задолжување на Одделението за односи со јавност на Општина Аеродром, за преземање активности со цел регулирање на договорни обврски кон ангажирани стручни лица во Општина Аеродром

Член 1

Со оваа Одлука се задолжува раководителот на Одделението за односи со јавност на Општина Аеродром, да ги преземе сите потребни активности со цел регулирање на договорните обврски кон ангажирани стручни лица-преведувачи во Општина Аеродром, кои вршат превод на текстови од македонски на странски јазици и обратно, за потребите на општината, во текот на 2011 година.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром“

Број 07- 430/26
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за давање согласност на Договор за приклучок на електродистрибутивна мрежа за стандардни приклучоци , помеѓу Општина Аеродром и ЕВН Македонија, за објект со адреса на бул.Видое С.Бато, помеѓу згради бр.15,17 и 19

Се објавува Одлука за давање согласност на Договор за приклучок на електродистрибутивна мрежа за стандардни приклучоци , помеѓу Општина Аеродром и ЕВН Македонија, за објект со адреса на бул.Видое С.Бато, помеѓу згради бр.15,17 и 19, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/29 Градоначалник
13 декември 2010 година Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 45 став 1 и член 46 став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ “ број 82/08) Советот на Општина Аеродром на својата 42 седница одржана на 10.12.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
за давање согласност на Договор за приклучок на електродистрибутивна мрежа за стандардни приклучоци , помеѓу Општина Аеродром и ЕВН Македонија, за објект со адреса на бул.Видое С.Бато, помеѓу згради бр.15,17 и 19

Член 1
Со оваа Одлука се дава согласност на Договор за приклучок на електродистрибутивна мрежа за стандардни приклучоци , помеѓу Општина Аеродром и ЕВН Македонија, за објект со адреса на бул.Видое С.Бато, помеѓу згради бр.15,17 и 19.

Член 2
Договорот од член 1 ќе се склучи со цел зголемување на моќноста на постоечка мерна гарнитура, за објект монтажно-демонтажен паркинг на адреса од член 1 на оваа одлука

Член 3
Се задолжува и овластува раководителот на Одделение за комунални работи, Дејан Антовски, да го потпише договорот за приклучок на електродистрибутивна мрежа за стандардни приклучоци, кој гласи:

Д О Г О В О Р
за приклучок на електродистрибутивна мрежа за
стандардни приклучоци (правни лица)

**СНАБДУВАЧ**: ЕВН Македонија АД, Скопје КЕЦ Аеродром, бул.АСНОМ б.б., депонент на 1. Комерцијална банка 2. Стопанска банка ЕДБ за ДДВ 4030005565759, жиро сметка: 1. Комерцијална банка 300000002199123 2. Стопанска банка 200001266967044

**ПОТРОШУВАЧ:** Општина Аеродром ул.Венјамин Мачуковски бр.6 Скопје, депонент на НБРМ, ЕДБ за ДДВ 4030004547854, жиро сметка 775016011963011.

**Согласност за приклучување:** 24-8914/2 од 24.11.2010 година, адреса на објект: бул.Видое С.Бато, помеѓу згради бр.15,17 и 19.
**Приклучок:** Измена на постоечки приклучок

**Напонско ниво на приклучување и тип на приклучок:** 0,4 kV, во реон на трансформаторска станица на НН електродистрибутивна мрежа, Три-фазен приклучок
**Ограничување:** 16А
**Мерно место:** Број на мерни места едно-директно трофазно
Место на наоѓање: Постоечката мерна гарнитура во ТЦ 10/0,4V „Аеродром 56“ м.бр.763.
Отстранувањето и/или поставувањето на пломбите на мерниот уред може да се изврши само од страна на вработените на Дистрибутерот.
**Изведба и сопственост на приклучокот и мерниот уред:** Надворешниот приклучок и мерниот уред се изведува од страна на ЕВН Македонија АД, Скопје или по нивен налог.
Внатрешниот приклучок и мерниот ормар се изведуваат по налог на потрошувачот, согласно технички стандарди на ЕВН Македонија АД, Скопје.
Надворешниот приклучок и мерниот уред се во сопственост ма Дистрибутерот.
**Надоместок за приклучување:** Потрошувачот е должен пред приклучување на електродистибутивната мрежа да плати надоместок во износ од 7 380,00(седум илјади триста и осумдесет) денари.
Во цената не е вклучен ДДВ.
**Рок на приклучување:** Рокот за приклучување на електродистрибутивната мрежа изнесува 30 дена од денот на прибавување на ноепходните дозволи за изградба на приклучокот при што предходни потрошувачот го уплатил надоместокот за приклучување.
Потрошувачот се ослободува од секоја промена на податоците од овој договор (име и презиме, адреса, број на броило и друго) да го извести снабдувачот во рок од 8 дена.
Овој договор се склучува на неопределено време.
За се што не е регулирано со овој договор, важат одредбите од Законот за енергетика, Условите за снабдување со електрична енергија и Тарифниот систем за продажба на електрична енергија.
Овој договор е составен во 4 (четири примерока), од кои 1 (еден) задржува потрошувачот.

ОПШТИНА АЕРОДРОМ　　　　　　　　　　ЕВН Македонија АД Скопје

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот објавувањето, во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 07- 430/28　　　　　　　　　　Претседател на совет
13 декември 2010 година　　　　　　　　　　на Општина Аеродром
Скопје　　　　　　　　　　Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Правилникот за измена на Правилникот за користење на службени мобилни телефони од страна на вработените во општинската администрација на Општина Аеродром

Се објавува Правилникот за измена на Правилникот за користење на службени мобилни телефони од страна на вработените во општинската администрација на Општина Аеродром, донесен на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/31　　　　　　　　　　Градоначалник
13 декември 2010 година　　　　　　　　　　Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 36 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 24 точка 25 и точка 38 од Статутот на општина Аеродром ("Службен гласник на Град Скопје" број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06 и 02/2010),Советот на општина Аеродром на својата 42 седница, одржана на 10.12.2010 година, го донесе следниот

ПРАВИЛНИК
за измена на Правилникот за користење на службени мобилни телефони од страна на вработените во општинската администрација на Општина Аеродром

Член 1
Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за користење на службени мобилни телефони од страна на вработените во општинската администрација на Општина Аеродром, број 07-302/24 од 05.11.2009 година („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 21/09).

Член 2
Измената се врши на начин што во член 3 од Правилникот, во ставот 2 се бришат зборовите „ Раководителот на Сектор за правни организациони и општи работи, Јован Јанковски“ и на нивно место се додава „ Помошник - Раководителот на Сектор за правни и општи и имот и имотно-правни работи“

Член 3
Овој Правилник стапува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Аеродром".

Број 07- 430/30
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

РЕШЕНИЕ
за објавување на Одлуката за измена и дополна на Одлуката за утврдување на потреба за изработка на ЛУПД за ГП 2.1, во ДУП за локалитет Индустриска зона за дел од УЕ В-блок 6,7,8, со основна класа на намена на земјиште А2-домување во стамбени згради, на информација на Министерство за траспорт и врски, а по иницијатива на „Turmak insaat sanayi ve ticaret limited sirketi“

Се објавува Одлуката за измена и дополна на Одлуката за утврдување на потреба за изработка на ЛУПД за ГП 2.1, во ДУП за локалитет Индустриска зона за дел од УЕ В-блок 6,7,8, со основна класа на намена на земјиште А2-домување во стамбени згради, на информација на Министерство за траспорт и врски, а по иницијатива на „Turmak insaat sanayi ve ticaret limited sirketi“, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/33
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 16 став 1 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник“ на Град Скопје бр. 07/05 и „Службен гласник“ на Општина Аеродром бр. 07/06 и 02/2010) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник“ на Р.Македонија број 51/05, 137/07 и 91/09), Советот на Општина Аеродром на 42 седница одржана на ден 10.12.2010 година, донесе:

**ОДЛУКА**

за измена и дополна на Одлуката за утврдување на потреба за изработка на ЛУПД за ГП 2.1, во ДУП за локалитет Индустриска зона за дел од УЕ В-блок 6,7,8, со основна класа на намена на земјиште А2-домување во стамбени згради, на информација на Министерство за траспорт и врски, а по иницијатива на „Turmak insaat sanayi ve ticaret limited sirketi“

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополна на Одлуката за утврдување на потреба за изработка на ЛУПД за ГП 2.1, во ДУП за локалитет Индустриска зона за дел од УЕ В-блок 6,7,8, со основна класа на намена на земјиште А2-домување во стамбени згради, на информација на Министерство за траспорт и врски, а по иницијатива на „Turmak insaat sanayi ve ticaret limited sirketi“, број 07-397/19 од 08.11.2010 година („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 21/2010).

**Член 2**

Измената и дополнувањето се врши на начин што во насловот, како и во член 1 од одлуката, се бришат зборовите **„**а по иницијатива на „Turmak insaat sanayi ve ticaret limited sirketi““ и на нивно место се додаваат зборовите „ а по иницијатива на Одделението за урбанизам и подготовка на урбанистички планови на Општина Аеродром“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Аеродром“

Број 07- 430/32
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општина Аеродром

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општина Аеродром, донесен на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/35
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ број 05/02) и член 122,123 и 124 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06), Советот на Општина Аеродром на 42 седницата одржана на ден 10.12.2010 година, донесе

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Статутот на Општина Аеродром

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Статутот на Општина Аеродром, број 07-164/1 од 13.06.2005 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05) и број 07-2554/4 од 12.06.2006 година и број 07-19/28/ од 28.01.2010 година („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06 и 02/10).

Член 2

Измената и дополнувањето се врши на следниот начин:

- во глава V Облици на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на општината, делот б) Јавни трибини, анкети и предлози се менува и гласи: Јавни трибини, анкети, предлози и форуми на заедницата;
- во делот б) Јавни трибини, анкети, предлози и форуми на заедницата, по членот 76 се додава нов член 76а, кој гласи:

„Градоначалникот и Советот на општината по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на единицата на локалната самправа, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа по предлог на градоначалникот.“

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Аеродром“.

Број 07-430/34
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за исплата на парична помош по основ на пристигнато барање на отпремнина за пензионирање

Се објавува Одлуката за исплата на парична помош по основ на пристигнато барање на отпремнина за пензионирање , донесен на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/37
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 16 од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2010 година („Службен весник на РМ„ број 256/09) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2010 година, („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 25/09, 02/2010 и 09/2010), член 17 и 134 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на РМ“ број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/200, 96/2000, 50/21, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/08, 161/08 и 81/09), член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002, 46/2002, 37/2005, 121/07 и 92/09) и член 7 од Правилникот со критериуми за доделување парична помош, поддршка и спонзорства („Службен гласник на Општина Аеродром бр.14/09“), Советот на Општина Аеродром на 42 седница одржана на ден 10.12.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за исплата на парична помош по основ на пристигнато барање на отпремнина за пензионирање

Член 1

Со оваа одлука се утврдува исплата на парична помош по основ на пристигнато барање на отпремнина за пензионирање за лицето:

- Дивна Наковска, вработена во ЈДГОА „Срничка“, на работното место негувател.

Член 2

Се задолжува Секторот за финансии да ја изврши оваа Одлука.

Член 3

Износот и исплатата на паричната помош ќе се утврди согласно законските одредби и доставената документација од страна на барателот.

Член 4

Се задолжува помошник-раководителот на Секторот за правни и општи работи и имот и имотно-правни работи на Општина Аеродром, да ги преземе сите потребни активности за реализација на исплатата на парична помош по основ на пристигнато барање на отпремнина за пензионирање, (потпишување на Решението и слично)“.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Аеродром“.

Број 07- 430/36
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за давање согласност на Договор за инвестирање во изградба на објект на детска градинка во Општина Аеродром, помеѓу Општина Аеродром и Министерство за труд и социјална политика

Се објавува Одлука за давање согласност на Договор за инвестирање во изградба на објект на детска градинка во Општина Аеродром, помеѓу Општина Аеродром и Министерство за труд и социјална политика, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/39 Градоначалник
13 декември 2010 година Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 15 став 1 точка 7 од Законот за Град Скопје („Службен весник на РМ“ бр.55/04) и член 24 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05 и „Службен гласник на ОА, број 07/06, 02/2010), Советот на Општина Аеродром на 42-та седница, одржана на ден 10.12.2010 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за давање согласност на Договор за инвестирање во изградба на објект на детска градинка во Општина Аеродром, помеѓу Општина Аеродром и Министерство за труд и социјална политика

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Договор за инвестирање во изградба на објект на детска градинка во Општина Аеродром, помеѓу Општина Аеродром и Министерство за труд и социјална политика.

Член 2

Со цел уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни, а во врска со инвестирање во изградба на објект на детска градинка во Општина Аеродром на ул.Новопроектирана собирна улица 5, бб во Реонски цнтар УЕ а, блок 5, Општина Аеродром, ќе склучи Договор за инвестирање во изградба на објект на детска градинка во Општина Аеродром, со Министерствто за труд и социјална политика, кој гласи:

**Д О Г О В О Р**
**за инвестирање во изградба на објект на детска градинка во Општина Аеродром**

Склучен на ден____________во Скопје, помеѓу

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул.Даме Груев бр.14, во Скопје, застапувано од Министерот,г-дин Џељаљ Бајрами- (во пнатамошниот текст Министерство) и

2**. Општина Аеродром**, со седиште на ул.Венијамин Мачуковски бр.6, во Скопје, застапувана од Градоначалникот, г-дин Ивица Коневски - (во понатамошниот текст Општина)

**ДЕФИНИЦИИ**

**1**. **Сопственик**-физичко или правно лице има право својата ствар да ја држи, целосно да ја користи и располага со неа по своја волја, доколку тоа не е спротивно на закон или на некое право на друго лице;

**2**. **Владение-**на определена ствар има секое лице, кое непосредно или со посредство на полномошник, врши фактичка власт на стварта (непосредно владение).

**3.Градење**- е изведување на претходни работи, изработка на проектна документација, вршење на претходни работи, изградба на нова градба, доградба и надградба на постојана градба, реконструкција и адаптација на постојна градба што опфаќа земјани работи, изведување на градежна конструкција, вршење на градежно-инсталатерски работи и градежно -завршни работи, вградување постројки или опрема и други работи со кои се оформува целината на градбата;

**4. Одржување на градежен објект-** е изведување на работи заради зачувување на основните барања на објектот во текот на неговото употребување;

**5. Градилиште-** е ограден простор на кој се изведуваат работи на градење, доградба, надградба, реконструкција, адаптација, одржување и отстранување на градба како и привремено зафатениот простор потребен за примена на соодветни градежни технологии;

**6. Одобрение за градење-** е документ кој се издава согласно член 57 точка 3 од Законот за градење кој го издава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, или за градби од треата, четврта и петта категорија од член 57 од Законот за градење (градби за социјална заштита) од локално значење одобрение за градење издава градоначалникот на општината. Одобрението за градење е правосилно во управна постапка.

**7. Урбанистички план** е план за уредување и користење на просторот во рамките на планскиот опфат на град, село или друго подрачје утврдено во планот;

**8. Инвеститор** е физичко или правно лице кое врши само парично финансирање на изгбрадба на објект од било каков тип.

9. **Детска заштита -** претставува дејност од јавен интерес како организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и на државата за планирање на семејството, обезбедување услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата и обврските на државата во создавањето услови за водење на хуманата популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите според можностите на државата за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата (Член 2 од Законот за заштита на децата).

**10.Долготраен закуп** е засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија што се врши по пат на непосредна спогодба со намена за изградба на предучилишна установа – детска градника без надоместок (Член 32 став 1 од Законот за градежно земјиште).

**11. Проектант** е физичко лице кое за проектирање на градби има овластување А и/или овластување Б, е одговорен за проектите кои ги изработува во поглед на исполнување на сите барања за градба во зависност од нејзината намена и нејзината усогласеност со издаденото решение за локациски услови и стандардите и нормативите за проектирање и може да врши проектирање во правно лице регистрирано во Централниот регистар за дејност проектирање и кое поседува соодветна лиценца за проектирање.

**12. Изведувач** е правно или физичко лице кое ја изведува односно гради градбата или дел од градбата до фаза на градење, врз основа на договор за градење склучен со инвеститорот.

**13.Финансирање** – Сретствата за финансирање на заштитата на децата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, изградба, одржување и опремување на објектите на јавните установи за деца (Член 109 став 2 алинеја 3 од Законот за заштита на децата).

**П Р Е Д М Е Т**

Член 1: Предмет на овој Договор е регулирање на меѓусебните односи меѓу договорните страни во врска со изградба на објектот на детската градинка која ќе се гради на ул.,,Новопланирана собирна улица 5,, бр.бб, на КП бр.1734/77, по имотен лист број 48954, КО Кисела Вода 2, м.в. Реонски Центар УЕА, блок 5, градежна парцела 3 во Скопје со запишано право на Република Македонија со површина од 7590 м2, согласно проект изготвен од Ин-Пума Институт за урбанизам, сообраќај и екологија, со технички број 156/2009, со Одобрение за градење бр.18-9343/5 од 20.11.2009 година издадено од Градоначалникот на Општина Аеродром.

Министерството за труд и социјална политика, по завршување на градбата и изготвување на извештај за извршен технички преглед од страна на надзорниот инженер дека градбата може да се употребува и запишување на правото на сопственост во Агенцијата за катастар на недвижности, со Одлука донесена од Владата на Република Македонија ќе ги пренесе основачките права на Општина Аеродром, согласно Законот за заштита на децата и Законот за локална самоуправа.

Овој договор и актот од став 3 на овој член преставуваат правен основ за запишување на правото на сопственост на објектот во катастарот на недвижности.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ**

Член 2: Министерството од средствата обезбедени од Буџетот на Република Македонија, се обврзува да ја финансира изградбата на градинката од член 1 од овој Договор до фаза примопредавање и изготвување на извештај за извршен технички преглед од страна на надзорниот инженер дека градбата може да се употребува со целосно потребната опрема за вршење на дејност заштита на децата.

Министерството се обврзува писмено да ја извести Општината за почетокот на градбата на градинката и за фирмата изведувач на објектот.

Министерството по потпишувањето на овој договор ќе изврши изградба на објектот на детската градинка во следните фази и тоа:

<u>Прва фаза опфаќа :</u>

- подготовка на теренот за изградба на градинката, со израмнето земјиште до кота+/-5 цм на целиот градежен опфат
- Изградба на објектот до карабина со кров.
- Да обезбеди, односно изведе постојан приклучок на електричната енергија, вода, одвод за фекалии и отпадна вода, како и приклучок за топлинска енергија и да изврши поврзување на постојните мрежи.

<u>Втора фаза опфаќа:</u>

- Внатрешна изведба на работи во објектот и завршни градежно занатски работи
- Опремување на објектот со опрема согласно Правилникот за стандарди и опремување на установи за деца- детски градинки

<u>Трета фаза опфаќа :</u>

- Примопредавање на објектот
- Донесување Одлука од страна на Владата на РМ за пренесување на Основачките права на Општина Аеродром

Општината се обврзува:

- По завршување на изградбата и изготвување на извештај за извршен технички преглед од страна на надзорниот инженер дека градбата може да се употребува на писмено барање на Министерството во рок од 15 (петнаесет) дена да го прими во владение објектот со записник за примопредавање;
- Постоечките времени приклучоци за градежна струја и вода на име на Општина Аеродром да ги отстапи на користење на Министерството, до изградба на објектот со тоа што истите ќе се користат само со претходна согласност од страна на Министерството;
- Тековно и инвестиционо да го одржува објектот, да го користи согласно неговата намена;
- да го внесе објектот во својата сметководствена евиденција, по завршување на градбата со изготвен извештај за извршен технички преглед од страна на надзорниот инженер дека градбата може да се употребува, одлука за пренесување на основачките права од Владата на РМ и записник за примопредавање;
- Да достави до Министерството имотен лист во кој ќе биде впишано градинката како сопственост на Општината.

Член 3: Општината не смее да го издава под закуп или отуѓи на било каков начин објектот на градинката или некој негов дел, на други физички или правни лица и не смее да ја промени основната намена на објектот.

Доколку Општината постапи спротивно на став 1, спомнатите акти и дејствија се ништовни, а евентуално настаната штета од претходно споменатите ништовни акти, субјектот кој ги донел истите е должен да ги надомести до ниво на поранешната состојба.

Доколку Општината постапи спротивно на став 1 од овој член и превземените обврски од овој Договор не ги извршува навремено, Министерството може со еднострана изјава на волја, со свој акт, да го раскине овој Договор.

Член 4: Министерството врши контрола на примената на одредбите од овој Договор, по свое видување, при што Општината како договорна страна е должна да дозволи увид во документацијата, како и увид на самото место на градилиштето.

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ДОГОВОРОТ**

Член 5. Секоја договорна страна може да бара измени или дополнување на одредбите на овој Договор, при што е должна своето барање да го достави до другите страни во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс на Основниот договор..

Измените или дополнувањата на овој Договор се важечки ако истите се направени во писмена форма и ако се потпишани од договорните страни.

Договорните страни се согласни дека нема во никој случај и под било какви услови да вршат измени и дополнувања на одредбите од членовите 3,4 и 5 на овој Договор.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 6: Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 7: Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор страните се обврзуваат да ги решат ако тоа е можно по мирен пат, со посредство на медијација.

За решавање на сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, а кои не можат да се решат по мирен пат со посредство на медијација надлежен ќе биде Основниот суд во Скопје.

Член 8: Доставување на писмена на адресите назначени во договорот, преку препорачна пратка ќе се смета како уредна достава.

Член 9.Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци од кои за секоја страна по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Министерство за труд и социјална политика — Општина Аеродром

Член 3

Раководителот на Одделение за комунални работи на ОА, се задолжува и овластува да ги преземе сите потребни активности заради склучување на горенаведениот договор, што подразбира, потпишување на истиот, како и останати потребни активности.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 07- 430/38
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за договорно регулирање на правата и обврските на Општина Аеродром и ангажираните лица во постапката за пријавување на недвижен имот кој подлежи на оданочување

Се објавува Одлуката за договорно регулирање на правата и обврските на Општина Аеродром и ангажираните лица во постапката за пријавување на недвижен имот кој подлежи на оданочување, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/41 — Градоначалник
13 декември 2010 година — Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02) и член 26 од Законот за даноците на имот(„Службен весник на РМ“ број 61/04, 92/07 и 102/08) и Одлуката број 07-297/14 од 24.08.2010 година („Службен гласник на ОАЗ број 17/2010),Советот на Општина Аеродром на својата 42 седница одржана на 10.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
за договорно регулирање на правата и обврските на Општина Аеродром и ангажираните лица во постапката за пријавување на недвижен имот кој подлежи на оданочување

Член 1

Со оваа Одлука утврдува начинот на регулирање на меѓусебните права и обврски, помеѓу ОА и ангажираните лица во постапката за пријавување на недвижен имот кој подлежи на оданочување на подрачјето на ОА.

Член 2

Со цел регулирање на меѓусебите права и обврски помеѓу ОА и лицата од член 1 на оваа, одлука ќе се склучат поединечни Договори со секое лице ангажирано во постапката за пријавување на недвижен имот на подрачјето на ОА, кој подлежи на оданочување, како дел од заедничката акција кои Општина Аеродром и Градот Скопје ја отпочнаа со склучување на Договор за воспоставување соработка за таа цел.

Член 3

Се задолжува и овластува раководителот на одделение за материјално и финансиско сметководтсво на ОА, да ги преземе сите потребни активности заради склучување на горенаведените договори, кои ќе бидат со следната содржина:

**Д О Г О В О Р**

Склучен во Скопје на ___.07.2010 година помеѓу договорните страни:

**1**.Општина Аеродром, со седиште на улица _________ број ____, застапуван од Градоначалникот на Општина __________ г-дин _________ (во натамошниот текст: Општина ________ ) од една страна и
2.________________ од Скопје, со живеалиште на ул.___________, со ЕМБГ ______________ и лк.бр____________ ( во натамошниот текст: лицето) од друга страна.

Член 1:Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на Општина _______ и лицето _________, во врска вршење на следните работи:

- информирање на обврзниците на данок на имот на подрачјето на општина ______ за начинот и постапката за пријавување на недвижниот имот кој подлежи на оданочување,
- помош на обврзниците на данок на имот на подрачјето на општина ______ при пополнувањето на даночната пријава за непријавениот имот и
- информирање на обврзниците на данок на имот на подрачјето на општина ______ за висината на законски пропишаните казни, во случај доколку не поднесат даночна пријава за постојниот имот односно имотот што го стекнале или почнале да го користат во тековната година во законски утврдениот рок .

член 2:Лицето __________ е должно да ги врши работите утврдени во член 1 од договорот.

Член 3:При секоја поднесена нова даночна пријава за недвижен имот кој подлежи на оданочување, доставена преку лицето, Општина _______ е должна да му исплаќа надомест во износ од 200,00 (двесте) денари.

Општина ______ ќе врши контрола над исправноста на даночната пријава.

Член 4:Доколку лицето не ги исполнува обврските утврдени со член 1 од овој договор, Општина _______, еднострано ќе го раскине договорот.

Член 5:Овој договор може да се раскине со меѓусебна спогодба на договорните страни, при што раскинувањето на договорот ќе делува само во иднина.
Договорните страни се согласни дека овој договор може да се раскине еднострано, од било која од договорните страни со писмено известување во рок од 5 дена од денот на приемот на известувањето за раскинување.

Член 6:За се што не е предвидено со овој договор, важат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 7:Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Член 8:Овој договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, по 3 (три) за секоја од договорните страни.

| | |
|---|---|
| Општина Аеродром | лице |
| ______________________ | ________________ |

Член 4

Финансиските средства кои Општина Аеродром ќе ги исплатува на ангажираните лица, ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Аеродром Програма Е0-Општинска адмнистрација, потставка 425990- Други договорни услуги.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

| | |
|---|---|
| Број 07- 430/40 | Претседател на совет |
| 13 декември 2010 година | на Општина Аеродром |
| Скопје | Виктор Камилоски с.р. |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Планот за јавни набавки на Општина Аеродром за 2011 година

Се објавува Планот за јавни набавки на Општина Аеродром за 2011 година, донесен на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/49
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните набавки („Службен Весник на Р. Македонија бр.136/07 и 130/08) и член 24 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Аеродром („Службен Гласник на Град Скопје бр.07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 07/06 и 02/2010), Советот на Општина Аеродром на својата 42 седница одржана на ден 10.12.2010 година, донесе:

# П Л А Н
за јавни набавки на Општина Аеродром за 2011 година

## I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги/работи/стоки

| Ред бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот /рамковна спогодба без ДДВ (во денари) | Вид на постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| | **I. Набавка на услуги** | | | | |
| 1 | Сервисирање на моторни возила | | Април | 650.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас |
| 2 | Вршење на услуги за мобилна телефонија | | Август | 1.300.000,00 | Отворена постапка |
| 3 | Сервисирање на фотокопири | | Април | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди без објавување на оглас |
| 4 | Сервисирање на принтери | | Ноември | 200.000,00 | Барање за прибирање на понуди |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | без објавување на оглас |
| 5 | Сервисирање на компјутери | | Април | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди без објавување на оглас |
| 6 | Активирање на телефонска линија за пријавување на корупција | | Јули | 200.000,00 | Барање за прибирање на понуди без објавување на оглас |
| 7 | Осигурување на моторни возила | | Април | 200.000,00 | Барање за прибирање на понуди без објавување на оглас |
| 8 | Сервисирање на клима уреди | | Август | 200.000,00 | Барање за прибирање на понуди без објавување на оглас |
| 9 | Вршење на услуги за фиксна телефонија | | Април | 450.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас |
| 10. | Изработка на измени и дополнувања на ДУП финансирани од општината | | Мај | 700.000,00 | Барање за прибирање понуди со објавување на оглас |
| 11. | Изработување на Локална урбанистичка документација финансирана од Општината | | Март | 700.000,00 | Барање за прибирање понуди со објавување на оглас |
| 12. | Изработка на урбанистички планови и ревизија на урбанистички планови | | Февруари | 2.300.000,00 | Отворена постапка |
| 13. | Изготвување на план за заштита на земјоделско земјиште на територија од 800 Ха | | Септември | 700.000,00 | Барање за прибирање понуди со објавување на оглас |
| 14. | Изготвување на студија за оправданост на барањето за проширување на границите на ГУП на град Скопје | | Февруари | 3.000.000,00 | Отворена постапка |
| 15. | Изработка на Стратегија за развој на територијата надвор од опфатот на ГУП - 950 Ха | | Септември | 1.500.000,00 | Отворена постапка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Скенирање и копирање на урбанистички планови и копирање на изводи од урбанистички планови | | Март | 250.000,00 | Барање за прибирање понуди без објавување на оглас |
| 17. | Ажурирање на геодетски подлоги во границите на ГУП и Ажурирање на геодетски подлоги надвор од границите на ГУП | | Март | 1.800.000,00 | Отворена постапка |
| 18. | Изработка на Стратегиска оцена на влијанието на планот врз животната средина | | Февруари | 7.000.000,00 | Отворена постапка |
| 19. | Изработка на измена и дополнување на програма за поставување на урбана опрема | | Февруари | 200.000,00 | Барање за прибирање понуди без објавување на оглас |
| 20. | Изработка и печатење покани, брошури, флаери, постери, пофалници, дипломи, каталози, визит-карти, честитки, како и друг материјал за репрезентација | | Април | 1.000.000,00 | Барање за прибирање понуди со објавување оглас |
| 21. | Закуп за рекламен простор за објавување огласи во дневните весници за разни соопштенија и повици за презентација и јавна расправа на детални урбанистички планови | | Јуни | 1.400.000,00 | Отворена постапка |
| 22. | Испитување на јавното мислење  за потребите на Општина Аеродром | | Април | 300.000.00 | Барање за прибирање понуди без објава на оглас |
| 23. | Вршење кетеринг услуги за потребите на Општина Аеродром | | Февруари | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди без објава на оглас |
| 24. | Набавка на изнајмување на техничка (музичка) опрема за роденденска прослава на Општина Аеродром | | Февруари | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди без објава на оглас |
| 25. | Резервација и испорака на авионски билети(услуги) | | Јануари | 930.000,00 | Барање на пријави со објава на оглас |
| 26. | Одржување на интегриран систем за финансиски менаџмент | | Февруари | 100.000,00 | Барање на пријави без објава на оглас |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27. | Осигурување на објектите на ОУ за одговорност од предизвикана штета | | Март | 423.000,00 | Барање за прибирање понуди со објава на оглас |
| 28. | Одржување на улици на територијата на општината | | Јануари | 58.500.000,00 | Отворена постапка |
| 29. | Одржување на улици во зимски услови на територијата на општината | | Август | 2.100.000,00 | Отворена постапка |
| 30. | Одржување (санација) на плочници на територијата на општината | | Јануари/ февруари | 2.542.000,00 | Отворена постапка |
| 31. | Одржување на чешмички и фонтани на територијата на општината | | Јануари | 1.900.000,00 | Отворена постапка |
| 32. | Одржување на спортски и детски игралишта | | Јануари | 7.200.000,00 | Отворена постапка |
| 33. | Одржување на клупи, корпи и друга урбана опрема | | Јануари | 1.200.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објава на оглас |
| 34. | Одржување јавно осветлување на територијата на општината | | Јуни | 4.660.000,00 | Отворена постапка |
| 35. | Одржување - реконструкција на хидрантска мрежа за наводнување на јавна зелена површина на територијата на општината | | Март/Април | 5.080.000,00 | Отворена постапка |
| 36. | Одржување на механизација за одржување на јавни зелени површини | | Февруари | 840.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објава на оглас |
| 37. | Изработка на проекти од комунална инфраструктура | | Јануари | 4.000.000,00 | Отворена постапка со рамковна спогодба |
| 38. | Изработка на проект за приклучоци на спортски објекти | | Јануари | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди без објава на оглас |
| 39. | Изработка на проект за фонтана | | Јануари/ Февруари | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди без објава на оглас |
| 40. | Изработка на проект за одржување реконструкција на | | Јануари | 254.000,00 | Барање за прибирање на понуди |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | хидрантска мрежа на територијата на општината | | | | без објава на оглас |
| 41. | Изработка на елаборати за нумерички податоци, за изложување и др | | Јануари | 2.000.000,00 | Отворена постапка |
| 42. | Изработка на елаборати за геомеханика, протоколи, студии и др | | Јануари/ Февруари | 1.000.000,00 | Отворена постапка со рамковна спогодба |
| 43. | Ревизија на проекти и елаборати | | Август | 1.000.000,00 | барање со прибирање на понуди со објава на оглас |
| 44. | Надзор на изградба на објекти | | Септември | 1.500.000,00 | Отворена постапка |
| 45. | Дератизација на територијата на општината | | Јануари | 350.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објава на оглас |
| 46 | Набавка на интернет услуги за потребите на Општина Аеродром | | Мај | 400.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас |
| | **II. Набавка на работа** | | | | |
| 1 | Уривање на бесправно изградени и поставени објекти како и одстранување на градежен материјал и шут на територијата на Општина Аеродром | | Септември | 9.020.000,00 | Отворена постапка |
| 2. | Реконструкции на делови од објектите на детските градинки | | Април | 12.700.000,00 | Отворена постапка |
| 3. | Изградба на фекална канализација во село Долно Лисиче | | Јануари/ февруари | 10.170.000,00 | Отворена постапка |
| 4. | Изградба на фекална канализација во населба Горно Лисиче | | Февруари/Март | 101.690.000,00 | Отворена постапка |
| 5. | Изградба на атмосферска канализација во населба Лисиче | | Јануари | 14.410.000,00 | Отворена постапка |
| 6. | Изградба на фекална канализација во населба Реонски центар (ул. Гаврил Константинович) | | Јануари/ Февруари | 2.960.000,00 | Отворена постапка |
| 7. | Изградба на фекална канализација во населба Лисиче | | Март/Април | 1.015.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објава на оглас |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Изградба на приклучоци на спортските објекти | | Март/Април | 1.000.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објава на оглас |
| 9. | Изградба на паркинг во населба 13 Ноември | | Јануари/ февруари | 3.500.000,00 | Отворена постапка |
| 10. | Изградба на монтажен паркинг | | Февруари/ Март | 20.000.000,00 | Отворена постапка |
| 11. | Изградба на паркинзи на територијата на општината | | Март /Април | 11.100.000,00 | Отворена постапка |
| 12. | Изградба на парк Аеродром | | Јануари | 42.300.000,00 | Отворена постапка |
| 13. | Изградба на парк Јане Сандански | | Јануари / Февруари | 25.400.000,00 | Отворена постапка |
| 14. | Изградба на чешмички за пиење на вода | | Март | 1.200.000,00 | Барање со прибирање на понуди со објава на оглас |
| 15. | Изградба на фонтана на територијата на општината | | Март/Април | 4.500.000,00 | Отворена постапка |
| 16. | Изградба на детски игралишта | | Август | 1.500.000,00 | Отворена постапка |
| 17. | Изградба на спортски игралишта | | Февруари/Март | 2.540.000,00 | Отворена постапка |
| 18. | Изградба на објекти од павер елементи | | Април | 5.000.000,00 | Отворена постапка |
| 19. | Изградба на нова линија за јавно осветлување на ул. Србија 1 | | Јануари/ Февруари | 2.200.000,00 | Отворена постапка |
| 20. | Изградба на нови линии за јавно осветлување | | Март/Април | 6.000.000,00 | Отворена постапка |
| 21. | Изградба на спортски објект | | Јануари/ Февруари | 52.110.000,00 | Отворена постапка |
| 22. | Изградба на бунари на територијата на општината | | Јануари/ Февруари | 5.000.000,00 | Отворена постапка |
| | **III. Набавка на стоки** | | | | |
| 1 | Набавка и поставување на информативни табли со налепници | | Септември | 200.000,00 | Барање за прибирање понуди без објава на оглас |
| 2 | Набавка на ситен инвентар (ленти за означување, ленти за затворање на градилиште, дигитално метро) и друга опрема за потребите на одделението за инспекциски работи | | Февруари | 210.000,00 | Барање за прибирање понуди без објава на оглас |
| 3 | Набавка на архивски ормари | | Јануари | 300.000,00 | Барање за прибирање |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | на понуди без објавување на оглас |
| 4 | Набавка на фотокопирни апарати | | Февруари | 500.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас |
| 5 | Набавка на антивирусни програми | | Август | 250.000,00 | Барање за прибирање на понуди без објавување на оглас |
| 6 | Набавка на компјутерски софтвер | | Февруари | 1.200.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас |
| 7 | Набавка на моторно гориво | | Јануари | 1.200.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас |
| 8 | Набавка на банер со логото на Општина Аеродром за пригодни манифестации и информативна табла | | Февруари | 82.000,00 | Барање за прибирање понуди без објава на оглас |
| 9 | Фото-апарати и друга опрема | | Февруари | 50.000,00 | Барање за прибирање понуди без објава на оглас |
| 10 | Набавка на пиротехнички материјали кои ќе се употребат за пригодни прослави на Општината | | Февруари | 300.000,00 | Барање за прибирање понуди без објава на оглас |
| 11. | Набавка на маици со лого на Општината | | Април | 400.000,00 | Барање за прибирање понуди со објава на оглас |
| 12. | Канцелариски материјали | | Март | 800.000,00 | Барање на прибирање на понуди со објава на оглас |
| 13. | Средства за хигиена | | Март | 160.000,00 | Барање на прибирање на понуди без објава на оглас |
| 14. | Прехранбени продукти | | Мај | 900.000,00 | Барање на прибирање на понуди со објава на оглас |
| 15. | Набавка на инвентарни броеви за основни | | Мај | 160.000,00 | Барање на пријави без |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | средства | | | | објава на оглас |
| 16. | Набавка на тонери за принтери и копир апарати | | Јули | 760.000,00 | Барање на пријави со објава на оглас |
| 17. | Набавка на клупи и столчиња во ОУ | | Јуни | 845.000,00 | Барање за прибирање понуди со објава на оглас |
| 18. | Набавка на опрема за енергетска ефикасност за ОУ | | Мај | 5.080.000,00 | Отворена постапка |
| 19. | Набавка на дрва за Бадникови огнови | | Јуни | 805.000,00 | Барање за прибирање понуди со објава на оглас |
| 20. | Набавка на новогодишни пакетчиња за деца | | Септември | 84.500,00 | Барање за прибирање понуди без објавување оглас |
| 21. | Набавка на обувки, униформи | | Јануари | 1.100.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објава на оглас |
| 22. | Набавка на алати | | Јануари | 330.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објава на оглас |
| 23. | Набавка на механизација за одржување на јавни зелени површини | | Февруари | 420.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објава на оглас |
| 24. | Набавка на товарни возила | | Јануари / Февруари | 2.540.000,00 | Отворена постапка |
| 25. | Набавка на клупи, корпи и друга урбана опрема | | Февруари | 1.000.000,00 | Барање за прибирање на понуди со објава на оглас |
| 26. | Набавка и одржување на бар код генератор со читач и софтвер за евидентирање на основни средства | | Февруари | 300.000,00 | Барање за прибирање на понуди без објава на оглас |
| 27. | Новогодишно украсување | | Јуни | 845.000,00 | Барање за прибирање понуди со објава на оглас |

Број 07- 430/48
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата за доделување спознорства и донации во Општина Аеродром за 2011 година

Се објавува Програмата за доделување спознорства и донации во Општина Аеродром за 2011 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/53 Градоначалник
13 декември 2010 година Ивица Коневски с.р.
Скопје

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 63 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05) и Законот за донации и спозноства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06 и 86/08), Советот на Општина Аеродром на 42 седница, одржана на ден 10.12.2010 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СПОЗНОРСТВА И ДОНАЦИИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**ЗА 2011 година**

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за доделување спознорства и донации во Општина Аеродром за 2011 година, има за цел утврдување на критериуми и прецизирање на мерките и активностите преку кои општината ќе доделува спонзорства и донации, со кои, заштитувајќи го јавниот интерес, општината ќе стреми за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејности од јавен интерес, а особено следните дејности:

- заштитата на човековите права,
- промоција на културата и етиката,
- образованието, науката, развој на информатичкото општество и преносот на електронските податоци,
- спортот-поддршка на истакнати спортски клубови и истакнати спортисти
- заштитата на животната средина и социо- хуманитарните дејности,
- развојот на граѓанското општество,
- промовирање на крводарителството,
- промоција на меѓународната соработка и
- други дејности утврдени со закон

Програмата за доделување спознорства и донации во Општина Аеродром за 2011 година, се носи согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, како и подзаконските акти кои ја регулираат постапката за доделување на спонзорства и донации во јавните дејности, а врз основа на законските надлежности кои Општина Аеродром ги има како единица на локалната самоуправа.

Оваа програма ќе се спроведува во текот на 2011 година.

## II. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Општина Аеродром, заради остварување на целта на оваа програма , ќе ги спроведува следните мерки и активности:

А. Доделување на донација на правни лица ;

Б. Доделување на спонзорства на правни лица;;

## III. ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСЕБНИТЕ ВИДОВИ НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

## А. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОНАЦИЈА НА ПРАВНИ ЛИЦА

### 1. Цел

Основна цел на оваа активност која се спроведува во Општина Аеродром, согласно

одредбите од Законот за донации и спознорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06 и 86/08), е остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејности од јавен интерес.

Донацијата како како доброволна и безусловна помош во пари, добра и услуги, не создава директна корист за општината, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата.

Општина Аеродром преку доделување на донација на правни лица, ќе придонесува за задоволување, на потребите и целите на примателот на донацијата или за решавање на одредени состојби и проблеми со кои се соочува примателот на донацијата.

**2. Корисници – приматели на донација**

Корисници - приматели на донација, се :

- правни лица кои имаат седиште на подрачјето на Општина Аеродром и кои остваруваат дејност од јавен интерес;
- правни лица кои не се со седиште на подрачје на Општина Аеродром, но остваруваат активност од јавен интерес, на подрачјето на општината,
- правни лица кои реализираат активност, за која Општината, по добиено позитивно мислење од надлежниот орган за потврда на јавниот интерес, ќе одлучи дека истата како активност од јавен интерес е од исклучително позитивно значење за граѓаните на општината.

**3. Критериуми кои треба да ги исполнува примателот на донацијата**

Основни критерими кои треба да ги исполнува барателот на донација се следните:

- седиште на правното лице на подрачје на Општина Аеродром/ реализација на активност на подрачјето на Општина Аеродром или реализација на активност, за која Општината, по добиено позитивно мислење од надлежниот орган за потврда на јавниот интерес, ќе одлучи дека истата како активност од јавен интерес е од исклучително позитивно значење за граѓаните на општината;
- извршување на дејност/активност од јавен интерес, а особено во следните области:
  - заштитата на човековите права,
  - промоција на културата и етиката,
  - образованието, науката, развој на информатичкото општество и преносот на електронските податоци,
  - спортот, заштитата на животната средина и социо- хуманитарните дејности,
  - развојот на граѓанското општество,
  - промовирање на крводарителството,
  - промоција на меѓународната соработка и
  - други дејности утврдени со закон. за кои општината ќе утврди дека се од особен интерес за граѓаните на општина или од општ интерес за граѓаните на РМ

**4. Предмет на донација**

Предмет на донација се:

- финансиски средства;
- секаков вид добра или услуги;
- преносни права.
- организирани настани за прибирање на средства.

Предметот на донација мора да е во согласност со дејноста на примателот на донацијата.

**5. Мерки**

Општина Аеродром ќе постапува по поднесе барање од страна на барателот на донацијата, со прилог уредна документација од која ќе се утврди оправданоста на барањето и со која ќе го потврди јавниот интерес на дејноста/ активноста која ја остварува а, за која е наменето барањето за донација.

Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, при Советот на Општина Аеродром, во соработка со Комисијата од соодветната област, во која спаѓа дејноста/активноста на барателот на донацијата, по разгледување на барањето, со пропратната документација, донесува заклучок со кој ја утврдува оправданоста на барањето.

За барањата за донација, коишто ќе се потврдат како основани, Комисиите доставуваат предлог до Советот на Општина Аеродром за донесување на Одлука за доделување донација, во кој, согласно расположливите средства во Буџетот на општината за таа намена и расположлите добра, услуги или преносни права на Општина Аеродром, предлагаат што ќе биде предмет на донација, согласно дејноста на примателот на донацијата:

- висината на финансиски средства;
- материјални добра или услуги или
- преносни права.

Општина Аеродром ќе се обрати со барање за потврда на јавниот интерес за конкретната донација, до Министерството за правда на РМ. Извршувањето на Одлуката на Советот, ќе се спроведе по добиено позитивно мислење од министерството.

Општина Аеродром, заради прецизирање на правата и обврските, при доделувањето на донацијата, ќе склучи Договор за донација со примателот на донацијата.

**6. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за доделување на спонзорства и донации на Општина Аеродром за 2011 година, ќе се спроведе од страна на општината Аеродром, преку надлежните Сектор за правни, општи и организациони работи и Секторот за финансии на Општина Аеродром, како и соодветниот сектор од областа во која спаѓа предметот на донацијата, а во согласност со Одлуката за доделување на донација, донесена од страна на Советот на општината и позитивно мислење за потврда на јавниот интерес, дадено од страна на Министерството за правда на РМ.

**7. Извори на средства**

Реализација на донација во вид на финансиски средства, ќе се врши со средства од Буџетот на Општина Аеродром за 2011 година, во рамки на расположливите средства за тие намени.

Донацијата во вид на материјални добра или преносни права, ќе се врши во рамки на реално расположливите добра или права, со кои располага Општина Аеродром, односно услуги кои може да ги пружи.

**Б. ДОДЕЛУВАЊЕ НА СПОНЗОРСТВА НА ПРАВНИ ЛИЦА**

**1. Цел**

Основна цел на оваа активност која се спроведува во Општина Аеродром, согласно одредбите од Законот за донации и спознорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06 и 86/08), е остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејности од јавен интерес.

Општина Аеродром преку доделување на спонзорство на правни лица, ќе придонесува за имплементација на јавниот интерес од определена јавна дејност.

Спонзорството како доброволна финансиска исплата, давање добра или услуги, Општина Аеродром ќе го доделува за конкретен проект или активност, кои ќе овозможат директна корист за општината, како што се промоцијата на името на Општина Аеродром.

**2. Корисници**

Корисници **-** приматели на спонзорство, се :

- правни лица кои имаат седиште на подрачјето на Општина Аеродром и кои остваруваат дејност од јавен интерес;

-правни лица кои не се со седиште на подрачје на Општина Аеродром, но остваруваат активност од јавен интерес, на подрачјето на општината,

-правни лица кои реализираат активност, за која Општината, по добиено позитивно мислење од надлежниот орган за потврда на јавниот интерес, ќе одлучи дека истата како активност од јавен интерес е од исклучително позитивно значење за граѓаните на општината.

Примателот на спонзорство е должен да ги извршува обврските од договорот за спонзорство, поточно за примeното спонзорство да и овозможи на Општина Аеродром директна корист, како што е промоција на нејзиното име и слично.

**3. Критериуми кои треба да ги исполнува примателот на спонзорство се :**

Основни критерими кои треба да ги исполнува барателот на спонзорство се следните:

- седиште на правното лице на подрачје на Општина Аеродром/ реализација на активност на подрачјето на Општина Аеродром или реализација на активност, за која Општината, по добиено позитивно мислење од надлежниот орган за потврда на јавниот интерес, ќе одлучи дека истата како активност од јавен интерес е од исклучително позитивно значење за граѓаните на општината;
- извршување на дејност/активност од јавен интерес, а особено во следните области:

- заштитата на човековите права,
- промоција на културата и етиката
- образованието, науката, развој на информатичкото општество и преносот на електронските податоци,
- спортот – промоција на спортот од страна на истакнати спортски клубови и спортисти поединци
- заштитата на животната средина и социо- хуманитарните дејности,
- развојот на граѓанското општество,
- промовирање на крводарителството,
- промоција на меѓународната соработка и
- други дејности утврдени со закон. за кои општината ќе утврди дека се од особен интерес за граѓаните на општина или од општ интерес за граѓаните на РМ

**4. Предмет на спонзорство**

Предмет на спонзорство можат да бидат:

-финансиски средства;

-секаков вид добра или услуги;

-преносни права.

Предметот на спонзорство мора да е во согласност со дејноста на примателот на спонзорството.

**2. Мерки**

Општина Аеродром ќе постапува по поднесе барање од страна на барателот на спонзорство, со прилог уредна документација од која ќе се утврди оправданоста на барањето и со која ќе го потврди јавниот интерес на дејноста/ активноста која ја остварува а, за која е наменето барањето за спонзорство.

Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, при Советот на Општина Аеродром, во соработка со Комисијата од соодветната област, во која спаѓа дејноста/активноста на барателот на спонзорство, по разгледување на барањето, со пропратната документација, донесува заклучок со кој ја утврдува оправданоста на барањето.

За барањата за спонзорство, коишто ќе се потврдат како основани, Комисиите доставуваат предлог до Советот на Општина Аеродром за донесување на Одлука за доделување спонзорство, во кој, согласно расположливите средства во Буџетот на општината за таа намена и расположлите добра, услуги или преносни права на Општина Аеродром, предлагаат што ќе биде предмет на спонзорството, согласно дејноста на примателот на спонзорството:

- висината на финансиски средства;
- материјални добра или услуги или
- преносни права.

Општина Аеродром ќе се обрати со барање за потврда на јавниот интерес за конкретното спонзорство, до Министерството за правда на РМ. Извршувањето на Одлуката на Советот, ќе се спроведе по добиено позитивно мислење од министерството.

Општина Аеродром, заради прецизирање на правата и обврските, при доделувањето на спонзорството, ќе склучи Договор за спонзорство со примателот на спонзорството, во кој особено ќе се прецизираат обврските на примателот на спонзорство за применото спонзорство да и овозможи на Општина Аеродром директна корист, како што е промоција на нејзиното име и слично.

Примателот на спонзорство, ќе достави до Општина Аеродром доказ за извршената промоција на општината, согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**3. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за доделување на спонзорства и донации на Општина Аеродром за 2011 година, ќе се спроведе од страна на општината Аеродром, преку надлежните Сектор за правни, општи и организациони работи и Секторот за финансии на Општина Аеродром, како и соодветниот сектор од областа во која спаѓа предметот на донацијата, а во согласност со Одлуката за доделување на спонзорството, донесена од страна на Советот на општината и позитивно мислење за потврда на јавниот интерес, дадено од страна на Министерството за правда на РМ.

**4. Извори на средства**

Реализација на спонзорство во вид на финансиски средства, ќе се врши со средства од Буџетот на Општина Аеродром за 2011 година, во рамки на расположливите средства за тие намени.

Спонзорство во вид на материјални добра или преносни права, ќе се врши во рамки на реално расположливите добра или права, со кои располага Општина Аеродром, односно услуги кои може да ги пружи.

**IV. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром“, а ќе се применува во текот на 2011 година.**

Број 07- 430/52
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата за остварување соработка со здруженија на граѓани и фонадации за 2011 година

Се објавува Програмата за остварување соработка со здруженија на граѓани и фонадации за 2011 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/51
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа член 61 став 4 и 5 од Законот за здруженија на граѓани и фонадации („Службен весник на РМ“ број 31/98 и 29/07) и член 24 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје“ број 07/05), Советот на Општина Аеродром на 42-та седница, одржана на ден 10.12.2010 година, ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА ОСТВАРУВАЊЕ СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ЗА 2011 година**

**IV. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за остварување соработка со здруженија на граѓани и фонадации за 2011 година, има за цел подобрување на соработката со здруженијата на граѓани и фондации, како и прецизирање на мерките и активностите преку кои општината ќе ја спроведува соработката.

Оваа програма ќе се спроведува во текот на 2011 година.

**V. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА СОРАБОТКАТА**

Општина Аеродром, со цел спроведување на соработката, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

А. Финансиска подршка на здруженијата на граѓани и другите организации кои имаат седиште на територијата на Општина Аеродром;

Б. Финансиска подршка на здруженија на граѓани и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Аеродром;

В. Техничка подршка на здруженија на граѓани и други организации кои што имаат седиште на територијата на Општина Аеродром.

**VI. ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСЕБНИТЕ ВИДОВИ НА СОРАБОТКАТА**

**А. Финансиска подршка на здруженијата на граѓани и другите организации кои имаат седиште на територија на Општина Аеродром**

**1. Цел**

Основна цел за спроведување на оваа соработка е помагање на здруженијата на граѓани кои имаат седиште на територија на Општина Аеродром а чија што дејност е од јавен интерес или пак нивната дејност допринесува за развојот на општината или пак за подобар квалитет на животот на граѓаните.

**2. Корисници**

Корисници на оваа финансиска подршка се сите здруженија на граѓани кои што имаат седиште на територијата на општината и чија што дејност е од јавен интерес и кои што имале активности во последната година. .

### 3. Мерки

Висината на средства кои во вид на финансиска поддршка ќе се доделуваат на здруженијата на граѓани и други организации, кои имаат седиште на подрачејто на Општина Аеродром, согласно со расположливите средства за таа намена во Буџетот на општината за 2011 година, ќе се утврдува врз основа на поднесени барања, со комплетна документација од која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој и по донесена Одлука од страна на Советот на Општина Аеродром, согласно Правилникот со критериуми за доделување парична помош, поддршка и спонзорства („Службен гласник на Општина Аеродром бр.14/09“).

Средствата, се добиваат врз основа на претходно изготвени програми (проекти) од здруженијата на граѓани или фондациите, кои ќе бидат доставени во прилог на барањето, во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

За доделување на финансиска помош на здруженијата на граѓани и други организации кои имаат седиште на подрачјето на Општина Аеродром, во вид на спонзорство и донација, ќе се применуваат одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

### 4. Носител

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за остварување на соработка со здруженија на граѓани и фондации со седиште во Општина Аеродром за 2011 година, ќе се спроведе од страна на општината Аеродром, преку надлежните Сектор за правни, општи и организациони работи и Секторот за финансии на Општина Аеродром, а по претходно позитивно мислење дадено од Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, согласно Правилникот со критериуми за доделување парична помош, поддршка и спонзорства („Службен гласник на Општина Аеродром бр.14/09“) и донесена Одлука од страна на Советот на Општина Аеродром, а за доделувањето на финансиска помош во вид на донација и спонзорство и по дадено позитивно мислење за јавниот интерес, од страна на надележното Министерство за правда на РМ.

### 5. Извори на средства

Средствата за финансиска подршка на здруженијата на граѓани и другите организации кои имаат седиште на територија на Општина Аеродром, во рамки на расположливте средства во Буџетот, се предвидениво следните потпрограми:

-АО – Совет, потставка 463110 - трансфери до здруженија на граѓани и фонадации

-ДО-Градоначалник, потставка 463110 - трансфери до здруженија на граѓани и фонадации.

## Б. Финансиска подршка на здруженија на граѓани и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Аеродром

### 1. Цел

Основна цел за спроведување на оваа соработка е помагање на здруженијата на граѓани кои што организираат настани на територија на Општина Аеродром, за кои ќе се утврди, дека се од јавен интерес или пак со истите ќе се придонесе за развојот на општината и подобар квалитет на животот на граѓаните, особено за :

- подобрување на културниот и социјалниот живот на граѓаните на општината;

- подобрување на образовниот и едукативниот процес за граѓаните на општината;

- подобрување на спортско-рекреативниот живот на граѓаните на општината;

-подигање на свеста кај граѓаните и едукација за опасноста од зависности од дроги и останати наркотични суспстанци;

- организирање хуманитарни и помагателни акции;

-подигање на еколошката свест кај населението;

- останати акции и активности за кои општината ќе утврди дека се од позитивно значење и допринес за севкупниот развој на општината и во прилог на подобрување на животот на граѓаните.

**2. Корисници**

Корисници на оваа финансиска подршка се сите здруженија на граѓани и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Аеродром.

**3. Мерки**

Висината на средства кои во вид на финансиска поддршка ќе се доделуваат на здруженијата на граѓани и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Аеродром, согласно со расположливите средства за таа намена во Буџетот на општината за 2011 година, ќе се утврдува врз основа на поднесени барања, со комплетна документација од која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој и по донесена Одлука од страна на Советот на Општина Аеродром, согласно Правилникот со критериуми за доделување парична помош, поддршка и спонзорства („Службен гласник на Општина Аеродром бр.14/09“), а за финансирање на настани во согласност од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, и по претходно добиено потврда од надлежна институција дека организираниот настан е од јавен интерес.

Средствата, се добиваат врз основа на претходно изготвени програми (проекти) од здруженијата на граѓани или фондациите, кои ќе бидат доставени во прилог на барањето, во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

**4. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за остварување на соработка со здруженија на граѓани и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Аеродром за 2011 година, ќе се спроведе од страна на општината Аеродром, преку надлежните Сектор за правни, општи и организациони работи и Секторот за финансии на Општина Аеродром, а по претходно позитивно мислење дадено од Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој и надлежната комисија од областа во која спаѓа настанот или манифестацијата организирана од страна на здружениети/фонадацијата, согласно Правилникот со критериуми за доделување парична помош, поддршка и спонзорства („Службен гласник на Општина Аеродром бр.14/09“) и донесена Одлука од страна на Советот на Општина Аеродром.

**Извори на средства**

Средствата за финансиска подршка на здруженијата на граѓани и и други организации кои што организираат настани на територијата на Општина Аеродром, во рамки на расположливте средства во Буџетот, се предвидениво следните потпрограми:

-АО – Совет, потставка 463110 - трансфери до здруженија на граѓани и фонадации

-ДО-Градоначалник, потставка 463110 - трансфери до здруженија на граѓани и фонадации

**В. Техничка поддршка на здруженија на граѓани и други организации кои што имаат седиште на територијата на Општина Аеродром**

**1. Цел**

Основна цел за спроведување на оваа соработка е помагање на здруженијата на граѓани кои што имаат седиште на територијата на Општина Аеродром, преку техничка поддршка дадена од страна на Општина Аеродром, во рамки на расположливата опрема која е во сопственост на Општина Аеродром, која подразбира опрема за озвучување и останата техничка опрема потребна за спроведување на јавни програми и останати манифестации, за кои општината ќе утврди дека се од јавен интерес или приднесуват за подобрување на животот на граѓаните на Општина Аеродром.

**2. Корисници**

Корисници на оваа финансиска подршка се сите здруженија на граѓани и други организации кои што кои што имаат седиште на територијата на Општина Аеродром.

**3. Мерки**

Начинот и видот на техничка поддршка, која ќе се доделува на здруженијата на граѓани и други организации кои што имаат седиште на територијата на Општина Аеродром, согласно со расположливата техничка опрема, сопственост на Општина Аеродром, ќе се утврдува врз основа на поднесени барања, со комплетна документација од која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на надлежните служби во општината и по утврдување на јавниот интерес , врз онова на доставено известување дека се работи за настан кој е од јавен интерес.

**4. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за остварување на соработка со здруженија на граѓани и други организации кои што имаат седиште на територијата на Општина Аеродром за 2011 година, ќе се спроведе од страна на општината Аеродром, преку надлежниот Сектор за правни, општи и организациони работи.

**IV. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром“, а ќе се применува во текот на 2011 година.**

Број 07- 430/50<br>13 декември 2010 година<br>Скопје

Претседател на совет<br>на Општина Аеродром<br>Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата за остварување социјална заштита во Општина Аеродром за 2011 година

Се објавува Програмата за остварување социјална заштита во Општина Аеродром за 2011 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/55<br>13 декември 2010 година<br>Скопје

Градоначалник<br>Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 3, член 11, член 12 и член 214 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ број 79/09), Советот на Општина Аеродром на 42-та седница, одржана на ден 10.12.2010, ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА ОСТВАРУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 година**

## VII. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за остварување социјална заштита во Општина Аеродром за 2011 година, има за цел подобрување на пристапот и квалитетот на социјалната заштита и прецизирање на мерките и активностите преку кои општината ќе ја спроведува социјалната заштита, и тоа:

Со програмата се врши усогласување на социјалната заштита која општината ја дава согласно нејзините надлежности утврдени во законските и подзаконските акти, а во рамки можностите утврдени во Буџетот на Општина Аеродром за 2011 година, со потребите на граѓаните од подрачјето на Општина Аеродром.

Програмата за остварување социјална заштита во Општина Аеродром за 2011 година, се носи согласно Националната програма за остварување на социјалната заштита, донесена од страна на Владата на РМ.

Оваа програма ќе се спроведува во текот на 2011 година.

## VIII. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Општина Аеродром, со цел обезбедување на социјална заштита за најзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

А. Еднократна парична помош за семејства со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром;

Б. Еднократна парична помош за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, за лицата вработени во општината, општинските буџетски корисници и нивните смејства, согласно одредбите од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2011 година;

В. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за следните категории на лица, согласно можностите и во рамки на расположливите средства во Буџетот на општината за 2011 година:

- тешко болни лица и приматели на терапија, за која не се во можност финансиски да ја покријат;
-инвалидните лица;
-децата без родители и родителска грижа;
-деца со воспитно-социјални проблеми;
-деца со посебни потреби;
-децата од еднородителски семејства и децата на улица;
-лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол;

Г. Остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување);

## IX. ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСЕБНИТЕ ВИДОВИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**А. Еднократна парична помош за семејства со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром**

**2. Цел**

Основна цел на оваа активност која веќе трета година успешно се спроведува во Општина Аеродром, е преку доделување на еднократната парична помош, да се

придонесе за олесување на трошоците на младите брачни парови на подрачјето на општината, што ке резултира со подигање на свеста кај населението за значењето на семејството и благодетот од многубројното семејство и зголемување на бројот на новороденчињата на ниво на Општина Аеродром, како и во рамки на републиката.

**2. Корисници**

Корисници на еднократна парична помош за семејства со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром, се претставниците на семејствата кои добиле новороденче во тековната година (2011) и се жители на Општина Аеродром. Истото го потврдуваат при поднесување на барањето (образецот) насловено до Општина Аеродром, кон кое треба да приложат уредна документација, со која ќе го потврдат раѓањето на новороденчето, сродството (родителство) со новороденчето и територијалната пропадност на Општина Аеродром.

**8. Мерки**

Висината на еднократниот паричен надоместок, за семејството со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром, изнесува 5.000, 00 денари и се исплатува на трансакциона сметка на име на еден од родителните на новороденчето, која се доставува во прилог на барањето (образец).

- <u>поднесување на барање</u>

Претставник од семејството (родител на новороденчето) - примател на еднократниот паричен надоместок за новороденче, треба да поднесе барање за остварување на надоместокот, во тековната 2011 година, а најдоцна до 31.01.2012 година.

При поднесување, барателот пополнува соодветен образец , а во прилог на истиот доставува уредна докуменатција и тоа:

-извод од матичната книга на венчаните (за родителите на новороденчето);
- извод од матичната книга на родените (за новороденчето);
-фотокопија од важечки лични карти/други исправи од двајцата родители, за идентификација од која се видни податоците за живеалиштето во Општина Аеродром и
- фотокопија од трансакциона сметка.

**9. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за социјална заштита на Општина Аеродром за 2011 година, ќе се спроведе од страна на општината Аеродром, преку надлежните Сектор за правни, општи и организациони работи и Секторот за финансии на Општина Аеродром, а во согласност со Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачје на Општина Аеродром, донесена од страна на Советот на општината.

**10. Извори на средства**

Средствата за исплата на еднократна парична помош за семејства со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром за 2011 година, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Аеродром за 2011 година и тоа од следните потпрограми:

-АО – Совет, потставка 464990-Други трансфери

-ЕО- Општинска адмнистрација, потставка 464990-Други трансфери и

-ДО-Градоначалник, потставка 464990-Други трансфери.

Врз основа на спроведена анализа на податоци за бројот на поднесени барања на еднократна парична помош за семејства со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром во текот на претходните години, се проценува дека со спроведување на оваа активност како посебена мерка при обезбедувањена социјалната заштита во Општина Аеродром, во текот на 2011 година, ќе бидат опфатени 600 -700 семејства со новороденче .

За спроведување на оваа активност како посебен мерка при обезбедувањето на социјалната заштита во Општина Аеродром, потребни се годишни средства во износ од 3.500.000,00 денари.

**Б. Еднократна парична помош за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, согласно одредбите од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2011 година**

**5. Цел**

Основна цел на оваа активност која се спроведува во Општина Аеродром, согласно одредбите на Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2011 година и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2011 година, е во законски рамки, општината да им излезе во пресрет на семејствата на лицата вработени во општината и буџетските корисници, во случај на пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, со испата на паричен износ во висини која е утврдена со горенавдениот закон.

**2. Корисници**

Корисници на еднократната парична помош за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, се вработени во општината и буџетските корисници и нивните семејствата.

**3. Мерки**

Висината на еднократниот паричен надоместок, за вработените во општината и буџетските корисници, е утврден со Законот за извршување на Буџетот на РМ и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Аеродром за 2011 година и се исплатува на трансакциона сметка на име на барателот/член на неговото семејство и тоа :

-за боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, една последна исплатена просечна плата во органот каде е вработен.

-во случај на смрт на вработениот во општината и општинските буџетски корисници, износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари и

- во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) доколку живеел во заедница, износ во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000 денари по семејство.

- <u>поднесување на барање</u>

Вработениот во општината, буџетскиот корисник/ претставник од нивните семејствата - приматели на еднократниот паричен надоместок по еден од горенаведените основи, треба да поднесе барање за остварување на надоместокот, во тековната 2011 година, односно во наредната година, со уредна и комплетирана документација, од која е очигледно постоење на основот за исплата на паричната помош.

**4. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за социјална заштита на Општина Аеродром за 2011 година, ќе се спроведе од страна на општината Аеродром, преку надлежните Сектор за правни и општи и имот и имотно-правни работи и Секторот за финансии на Општина Аеродром, а во согласност со Одлука за исплата на еднократна парична помош по основ на отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, донесена од страна на Советот на општината, а по претходно позитивно мислење дадено од Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, согласно Правилникот со критериуми за доделување парична помош, поддршка

и спонзорства („Службен гласник на Општина Аеродром бр.14/09“),

5. **Извори на средства**

Средствата за исплата на еднократна парична помош за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Аеродром за 2011 година и тоа од следните потпрограми:

- Потпограма Д0-Градоначалник, потставка 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи)

-Потпрограмата Д0- Градоначалник, потставка 464940 - Трансфери при пензионирање.

**В. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица**

1. **Цел**

Согласно можностите и во рамки на расположливите средства во Буџетот на општината за 2011 година, општината финансиски ќе потпомага и ќе пружа услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица:

Основна цел на оваа активност, е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита, утврдена во Законот на локална самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр. 05/02), како и посебните законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или на друг начи загрозените лица, кои имаат потреба од социјална заштита, превенција и помош.

**2. Корисници**

Корисници на парична помош, мерки и услуги за социјална превенција и заштита, се следните ктегории на лица:

-тешко болни лица и приматели на терапија, за која не се во можност финансиски да ја покријат;

-инвалидните лица;

-децата без родители и родителска грижа;

-деца со воспитно-социјални проблеми;

-деца со посебни потреби;

-децата од еднородителски семејства и децата на улица;

-лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол;

**3. Мерки**

Висината на надоместокот, видовите на мерки и услуги за социјална заштита и превенција, за горенаведените категории на лица, ќе се утврдува, врз основа на поднесени барања, со комплетна документација од која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита и Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој и по донесена Одлука од страна на Советот на Општина Аеродром, согласно Правилникот со критериуми за доделување парична помош, поддршка и спонзорства („Службен гласник на Општина Аеродром бр.14/09“),

1. **Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за социјална заштита на Општина Аеродром за 2011 година, ќе се спроведе од страна на општината Аеродром, преку надлежните Сектор за образование, спорт, култура и заштита, Сектор за правни и општи работи и Секторот за финансии на Општина Аеродром, а по претходно позитивно мислење дадено од Комисијата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита и Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, согласно Правилникот со критериуми за доделување парична помош, поддршка и спонзорства („Службен гласник на Општина Аеродром бр.14/09“) и донесена Одлука од страна на Советот на Општина Аеродром.

**2. Извори на средства**

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за горенаведените категории на лица, во рамки на расположливте средства во Буџетот, се предвидениво следните потпрограми:

-АО – Совет, потставка 464990-Други трансфери и

-ДО-Градоначалник, потставка 464990-Други трансфери.

**Г. Остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст - детски градинки и домови за стари лица (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување)**

Во рамки на остварување на основните цели и задачи на програмата за остварување на социјалната заштита за 2011 година, на Општина Аеродром, а врз основа на надлежностите кои единиците на локалната самоуправа ги добија со децентрализацијата, во оваа област, Општина Аеродром им овозможува на децата од предучилишна возраст да го остваруваат правото на згрижување и воспитување во јавните установи – детски градинаки, кои се под нејзина надлежност и тоа ЈУДГ „Буба Мара“ и ЈДГОА„Срничка“.

Имено согласно Законот за заштита на децата (“Службен весник на РМ“ 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08, 83/09), општините како единици на локалната самоуправа се јавуваат како основачи на јавните установи за згрижување на децата, па во таа смисла Општина Аеродром преку остварување на законските надлежности, преку овие установи ја спроведува на заштитата на децата во детските градинки.

Со цел одржување на постоечките објекти, нивна рекоснтрукција, како и изградба на нови објекти за згрижување на децата од предучилишна возраст, Општина Аеродром во Буџетот за 2011 година има планирано средства за следните намени:

- Програма В1, потставка 482910 – Подготовка на проекти вклучувајќи дизајн на други објекти
- Програма В1, потставка 482920 – Изградба на други објекти
- Програма В1, потставка 482930 – Рекострукција

**IV. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром“, а ќе се применува во текон на 2011 година .**

Број 07- 430/54
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2011 година

Се објавува Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2011 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/57
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), Советот на Општина Аеродром на 42 седница, одржана на ден 10.12.2010 година, ја донесе следната

# ПРОГРАМА
# ЗА ПОДДРШКА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА

## X. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2011 година, има за цел подобрување на спортскиот живот во Општина Аеродром, поттик на младата популација за масовно вклучување во спортски активности, со цел развој на позитивните вредности на спортот, во функција на обезбедување на здрави идни генерации во Општина Аеродром, како и поддршка на истакнати спортски клубови и спортисти поединци преку кои ќе се презентира Општина Аеродром.

Општина Аеродром, оваа програма ќе ја реализира во рамки на можностите и расположливите средства во Буџетот на општината за конкретните намени.

Оваа програма ќе се спроведува во текот на 2011 година.

## XI. МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА

Општина Аеродром, со цел обезбедување на поддршка на спортот, во рамки на можностите и расположливите средства во Буџетот за 2011 година за таа намена, може да ги спроведува следните мерки и активности:

А.Поддршка на спортски манифестации и активности кои се организираат на подрачје на општината;

Б. Поддршка на истакнати спортски клубови и спортисти поединци кои ја претставуваат Општина Аеродром на домашно, како и меѓународно ниво;

В. Поддршка на училишен спорт

Г. Активности во насока на реализација на изградба на спортки терени и објекти за развој на спортот во Општина Аеродром

## XII. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСЕБНИТЕ МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА

**А. Поддршка на спортски манифестации и активности кои се организираат на подрачје на општината**

**3. Цел**

Основна цел на оваа активност, е техничка поддршка на рекреативни спортски активности и манифестации-турнири во фудбал, мал фудбал, ракомет, кошарка или друг вид на спортски натпревари, организирани на подрачјето на општина Аеродром, а кои имаат за цел масовно вклучување на младата полулација и подигање на натпреварувачкиот дух и поттик на хуманиот акспект.

**2. Корисници**

Корисници на ова поддршка се граѓани на Општина Аеродром, организирани во здруженија на граѓани или друг вид на правни лица, кои се јавуваат како носители на организацијата на спортските манифестации и активности.

**11. Мерки**

Општина Аеродром, како поддржувач на спортски манифестации и активности, во рамки на своите можности, може да пружа техничка поддршка на истите, која подразбира давање на користење на техничка опрема со која располага општината, на организаторот на манифестацијата, во периодот на траење на истата.

**12. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за поддршка на спорот на Општина Аеродром за 2011 година, може да се спроведува од страна на општината Аеродром, преку надлежното оддделение за организациони

работи на Општина Аеродром, по добиено позитивно мислење од страна на Комисијата за спорт и култура при Советот н ОА.

**Б. Поддршка на истакнати спортски клубови и спортисти поединци кои ја претставуваат Општина Аеродром на домашно, како и меѓународно ниво**

**6. Цел**

Основна цел на оваа активност која може да се спроведува во Општина Аеродром, согласно одредбите на Законот за донации и спонзорства во јавните дености („Службен весник на РМ“ бр. 47/06 и 86/08) е во законски рамки, општината во рамки на можностите и планираните расположливи средства во Буџетот за тие намени, финансиски да им излезе во пресрет на истакнати спортски клубови и спортисти поединци, кои со своите достигнувања во оваа област, придонесуваат за промоција на спорото и општа промоција и претставување на Општина Аеродром, како на домашно така и на меѓународно ниво.

**2. Корисници**

Како корисници на оваа помош, се јавуваат:

- спортски клубови кои имаа седиште на подрајче на Општина Аеродром и кои што постигнале врвни резултати во својата спортска активност - се натпреваувaат во прва лига во својата категорија

- спортисти поединци со адреса на живеење во Опшина Аеродром, кои што постигнале врвни резултати во својата спортска активност и согласно Законот за спорт („Службен весник на РМ“ број 29/02, 66/04 и 81/08) и Првилникот за категоризација на спортисти во РМ („Службен весник на РМ“ број 51/04 и 50/04), се категоризирани спортисти.

**3. Мерки**

Паричните средства кои општината во рамки на можностите и планираните расположливи средства во Буџетот за тие намени, може да ги издвојува за поддршка на горенаведените спортски клубови и спортисти, ќе се исплатуваат по поднесено барање од страна на спортскиот клуб/спортист, добиено позитивно мислење за оправданоста на барањето од страна на Комисијата за буџет и Комисијата за млади и спорт при Советот на ОА, како и донесена одлука од страна на Советот на ОА, за кои што надлежното министерство за правда ќе издаде решение за потврда на јавниот интерес на спонзорството/донацијата.

При реализација на оваа активност во форма на финансиска поддршка на клубови/спортисти Општина Аеродром ќе се постапува согласно следните законски и подзаконски акти:

- постапка утврдена во Законот за донации и спонзорства во јавните дености („Службен весник на РМ“ бр. 47/06 и 86/08),
- Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02)
- Закон за спорт („Службен весник на РМ“ број 29/02, 66/04 и 81/08)
-Правилникот со критериуми за доделување парична помош, поддршка и спонзорства („Службен гласник на Општина Аеродром бр.14/09“)
-како и останати законски и подзаконски акти

**4. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2011 година, ќе се спроведе од страна на општината Аеродром, преку надлежните Сектор за образование, спорт и култура на ОА и Секторот за финансии на Општина Аеродром, по донесена Одлука за исплата на парична помош – донација/спонзорство од страна на Советот на ОА и добиено позитивно мислење за потврда на јавниот интерес на спонзорството/донацијата од страна на Министерството за правда на РМ.

**5. Извори на средства**

Средствата за поддршка на истакнати спортски клубови и спортисти поединци кои ја претставуваат Општина Аеродром на домашно, како и меѓународно ниво, се предвидени во Буџетот на Општина Аеродром за 2011 година и тоа од следните потпрограми:

- Потпограма А0-Совет на ОА, потставка 463120 – трансфери до спортски клубови
-Потпрограмата А0-Совет на ОА, потставка 463110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации

**В. Поддршка на училишен спорт**

**2. Цел**

Согласно можностите и во рамки на расположливите средства во Буџетот на општината за 2011 година, општината финансиски и технички ќе потпомага, иницира и ќе пружа услуги за организација на разновидни спортски активности и натпревари во рамки на основните училишта на подрачјето на Општина Аеродром.

Основна цел на оваа активност, е општината да придонесе за масовно вклучување на младите училишни генерации во разновидни спортски активности, со што ќе се придонесе за развој на здрава младина која претставува иднина на Општина Аеродром.

**2. Корисници**

Корисници на овој вид на поддршка ќе бидат основните училишта на подрачјето на општина Аеродром и тоа:

- ОУ “Блаже Конески”
- ОУ “Браќа Миладиновци”
- ОУ “Ѓорѓија Пулевски”
- ОУ “Љубен Лапе”
- ОУ “Лазо Ангеловски”
- ОУ “Димитар Македонски”
- ОУ “Гоце Делчев”- Г. Лисиче

**3. Мерки**

Начинот на обезбедување на поддршка на спортските активности во областа на училишниот спорт (поддршка во организирање на училишни спортски натпревари, обезбедување награди за победниците во истите, финансиско и техничко помање на реализацијата на натпреварите), ќе се утврдува, врз основа на поднесени барања од страна на организаторт на конкретната училишна спортска активност, комплетна програма за истата, од која ќе се согледа оправданоста на барањето и придонесот кој истата ќе го има во развојот на училишниот спорт. Истите ќе се разгледуваат од страна на надлежната Комисијата за спорт и млади и Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, кои ќе достават предлог за прифаќање или одбивање на конкретните барања до Советот на Општина Аеродром.

Општина Аеродром како основач на основните училишта на најзино подрачје, во рамки на своите можности преку надлежниот Сектор за образование, спорт и култура, во соработка со директорите на училиштата, и самата ќе иницира и организира спортски активности во училиштата.

**3. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за поддршка на спорот на Општина Аеродром за 2011 година, ќе се спроведе од страна на општината Аеродром, преку надлежните Сектор за образование, спорт, култура и заштита и Секторот за финансии на Општина Аеродром, а по претходно позитивно мислење дадено од Комисијата за спорт и култура и Комисијата за буџет, финансирање и локален економски развој, во соработка со одговорните лица во основните училшта на подраје на ОА..

**4. Извори на средства**

Средствата за поддршка на училишниот спорт, во рамки на расположливте средства во Буџетот, се предвидени во следните потпрограми:

-АО – Совет, потставка 464990-Други трансфери и

-ДО-Градоначалник, потставка 464990-Други трансфери.

**Г. Активности во насока на реализација на изградба на спорстки терени и објекти за развој на спортот во Општина Аеродром**

Во рамки на остварување на основните цели и задачи на програмата за развој на спорот за 2011 година во Општина Аеродром, а врз основа на надлежностите кои ОА ги има како единици на локалната самоуправа, преземени се низа мерки и активности за изградба на спорстки терени и објекти за развој на спортот во Општина Аеродром и тоа:

- спортски сали во склоп на основните училишта на подрачје на ОА
- фудбалски терени-игралишта
- тениски терени
- сали за хокеј
- останати терени и објекти за развој на спорот

Имено согласно надлежностте на општината утврдена во Законот за локална самоуправа, Законот за градење, Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, Општина Аеродром во соработка со надлежните институции – Министерство за транспорт и врски на РМ, Агенција за спорт и млади на РМ и Фудбалската федерација на РМ, во изминатите две години презема конкретни активности за реализаија на проектите од областа на спортот, во насока на изградба на горенаведените спортски објекти на подрачје на Општина Аеродром.

Во таа смисла Општина Аеродром и во текот на 2011 година, ќе продолжи со натомошни активности се со цел создавање на потребните услови за изградба на што поголем број спортски терени и објекти на нејзиното подрачје.

**IV. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром“, а ќе се применува во текот на 2011 година.**

Број 07- 430/56
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром

(“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за објавување на Одлука за распределба на блок дотација наменета за детските градинки на територија на Општина Аеродром за 2011 година

Се објавува Одлука за распределба на блок дотација наменета за детските градинки на територија на Општина Аеродром за 2011 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/59
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски

Врз основа на член 8 и член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.61/04), и член 81 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр.07/05), Советот на Општина Аеродром на својата 42 седница, одржана на 10.12. 2010 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А
### за распределба на блок дотација наменета за детските градинки на територија на Општина Аеродром за 2011 година

Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на блок дотација наменета за детските градинки на територија на Општина Аеродром за 2011 година.

Член 2

Распределбата се врши врз основа на доставени податоци од страна на детските градинки во Општина Аеродром за:

- број на деца запишани во учебната 2010/11 година и
- потребни реални финансиски средства за подмирување на основните комунални трошоци на годишно ниво и тоа: централно греење/течни горива, електрична енергија, вода и ѓубретарина;

Член 3

Согласно горенаведенти критериуми, се врши распределба на блок дотации по детските градинки, претставена во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Аеродром.

Број 07- 430/58
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

**Распределба на блок дотација на ДГ во О.Аеродром за 2011 год.**

| Опис | ЈДГОА Срничка | ЈДУГ Буба Мара | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Предлог - проценти 2011 | 63,82% | 36,18% | 100,00% |
| **Предлог - дотација ОУ 2011** | **14 677 460** | **8 322 540** | **23 000 000** |
| | | | |

| ПРЕГЛЕД - БРОЈ НА ДЕЦА И ОСНОВНИ КОМУНАЛНИ ТРОШОЦИ | | | | | УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕНТИ | | | РАСПРЕДЕЛБА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДГ | Број на деца | Основни комунални трошоци | Број на деца (%) | Основни комунални трошоци (%) | Учество-број на деца 50%) | Учество - основни комунални трошоци (50%) | Учество на двата критериуми | Распределба во 2011 |
| ЈДГОА Срничка | 1 383 | 7 682 874 | 67,3% | 60,3% | 33,7% | 30,1% | 63,8% | 14 677 460 |
| ЈУДГ Буба Мара | 671 | 5 058 622 | 32,7% | 39,7% | 16,3% | 19,9% | 36,2% | 8 322 540 |
| | | | | | | | | |
| Вкупно: | 2 054 | 12 741 496 | 100,00% | 100,00% | 50,00% | 50,00% | 100,00% | 23 000 000 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлука за распределба на блок дотација наменета за основните училишта на територија на Општина Аеродром за 2011 година

Се објавува Одлука за распределба на блок дотација наменета за основните училишта на територија на Општина Аеродром за 2011 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/61
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски

Врз основа на член 8 и член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.61/04), и член 81 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Општина Аеродром” бр.07/05), Советот на Општина Аеродром на својата 42 седница, одржана на 10.12.2010 година ја донесе следнава

О Д Л У К А
за распределба на блок дотација наменета за основните училишта на територија на Општина Аеродром за 2011 година

Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на блок дотација наменета за основните училишта на територија на Општина Аеродром за 2011 година.

Член 2

Распределбата се врши врз основа на доставени податоци од страна на основните училишта во Општина Аеродром за:

- број на ученици запишани во учебната 2010/11 година и
- потребни реални финансиски средства за подмирување на основните комунални трошоци на годишно ниво и тоа: централно греење/течни горива, електрична енергија, вода и ѓубретарина;

Член 3

Согласно горенаведенти критериуми, се врши распределба на блок дотации по основни училишта, претставена во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето ,а ќе се објави во Службен гласник на Општина Аеродром

Број 07- 430/60
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

**Распределба на блок дотација на ОУ во О.Аеродром за 2011 год.**

| Опис | О.У. "Љ.Лапе" | О.У. "Б.Конески" | О.У. "Г.Делчев" | О.У. "Л.Ангеловски" | О.У. "Д.Македонски" | О.У. "Ѓ.Пулевски" | О.У. "Б.Миладиновци" | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| Предлог - проценти 2011 | 14,65% | 11,41% | 12,49% | 21,37% | 11,83% | 16,94% | 11,31% | 100,00% |
| Предлог - дотација ОУ 2011 | 4 119 595 | 3 208 635 | 3 513 051 | 6 009 144 | 3 325 190 | 4 763 928 | 3 180 456 | 28 120 000 |
| | | | | | | | | |

| ПРЕГЛЕД - БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ОСНОВНИ КОМУНАЛНИ ТРОШОЦИ | | | | | УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕНТИ | | | РАСПРЕДЕЛБА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основно училиШте | Број на ученици | Основни комунални трошоци | Број на ученици (%) | Основни комунални трошоци (%) | Учество-број на ученици (40%) | Учество - основни комунални трошоци (60%) | Учество на двата критериуми | Предлог-распределба во 2011 |
| Блаже Конески | 574 | 3 104 886 | 10,12% | 12,27% | 4,05% | 7,36% | 11,41% | 3 208 635 |
| БраЌа Миладиновци | 415 | 3 535 492 | 7,32% | 13,97% | 2,93% | 8,38% | 11,31% | 3 180 456 |
| Љубен Лапе | 824 | 3 727 544 | 14,53% | 14,73% | 5,81% | 8,84% | 14,65% | 4 119 595 |
| Ѓ орЃија Пулевски | 927 | 4 387 522 | 16,34% | 17,34% | 6,54% | 10,40% | 16,94% | 4 763 928 |
| Лазо Ангеловски | 1 487 | 4 589 522 | 26,22% | 18,14% | 10,49% | 10,88% | 21,37% | 6 009 144 |
| Димитар Македонски | 715 | 2 860 348 | 12,61% | 11,30% | 5,04% | 6,78% | 11,83% | 3 325 190 |
| Гоце Делчев | 730 | 3 097 472 | 12,87% | 12,24% | 5,15% | 7,34% | 12,49% | 3 513 051 |
| | | | | | | | | |
| Вкупно: | 5 672 | 25 302 786 | 100,00% | 100,00% | 40,00% | 60,00% | 100,00% | 28 120 000 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата (Ф) Урбанистичко планирање и уредување на просторот на Општина Аеродром за 2011 година

Се објавува Програмата (Ф) Урбанистичко планирање и уредување на просторот на Општина Аеродром за 2011 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/63 | Градоначалник
13 декември 2010 година | Ивица Коневски
Скопје

П Р О Г Р А М А

**( Ф )**

**УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА**

**ПОДПРОГРАМИ**

**Ф 1 Урбанистичко планирање**
**Ф 2 Уредување на градежно земјиште**
**Ф 3 Уредување на простор во рурални подрачја**
**Ф А Уредување на градежно земјиште ( капитални трошоци )**
**Ф Д Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 16 точка 1 и член 24 од Статутот на општината Аеродром („Сл. гласник на Град Скопје“ бр. 7/05), а во врска со член 15 став 1 точка 1 од Законот за Град Скопје („Сл. весник на РМ“ бр. 55/04), член 46 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ” бр. 82/08) и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – Пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр. 24/08), Советот на општина Аеродром на 42-та седницата одржана на 10.12. 2010 година донесе :

**ПОТПРОГРАМА**

**( Ф1 )**

**УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА**

**ВОВЕД:**

**Со оваа Програма се уредува:**

I. **Изворите за финансирање на Програмата .**
II. **Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање**
III. **Средства наменети за урбанистичко планирање**

IV. **Динамика за извршување на Програмата.**
V. **Преодни и завршни одредби.**

## I. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ф1 за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Аеродром се финансира од буџетот за 2011 год.

## *II. ТРОШОЦИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ*

***Расходите за реализација, според намената и по поедини видови елементи на Општина Аеродром се:***

***Општината се:***

| Категорија | Ставка | Потставка | Позиција | Видови на расходи | Износ во -,оо денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | | |
| **420000** | | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **27.950.000,00** | |
| | **425000** | | | **Договорни услуги** | | |
| | | 425640 | | Изработка на просторни и урбанистички планови | **17.500.000,00** | |
| | | | | - лок. „Транспортен центар“ У.Е.А | 200.000,00 | |
| | | | | - лок. “ Скопјанка” У.Е. Б | 13.000,00 | |
| | | | | - лок. “ Индустриска зона” У.Е. А | 250.000,00 | |
| | | | | - лок. “Бисер “ У.Е. А | 180.000,00 | |
| | | | | - лок. “Бисер “ У.Е. Б | 105.000,00 | |
| | | | | - лок. “Бисер АРМ” У.Е. В | 350.000,00 | |
| | | | | - лок. “Три Бисери” У.Е. А | 202.000,00 | |
| | | | | - лок. “Ново Лисиче “ У.Е. Б | 235.000,00 | |
| | | | | - лок. “Ново Лисиче “ У.Е. В | 232.000,00 | |
| | | | | - лок. “Горно Лисиче” У.Е. А | 590.000,00 | |
| | | | | - лок. “Горно Лисиче “ У.Е. Б | 590.000,00 | |
| | | | | - лок. “Горно Лисиче “ У.Е. В | 590.000,00 | |
| | | | | - лок. “Горно Лисиче “ У.Е. Г | 700.000,00 | |
| | | | | - лок. “Горно Лисиче “ У.Е. Д | 450.000,00 | |
| | | | | - лок. “Горно Лисиче “ У.Е. Ѓ | 530.000,00 | |
| | | | | - лок. “Горно Лисиче “ У.Е. Е | 352.000,00 | |
| | | | | - лок. “Горно Лисиче “ У.Е. Ж | 350.000,00 | |
| | | | | - лок. “Лисиче -бараки” У.Е. А | 81.000,00 | |
| | | | | - лок. “Лисиче- бараки“ У.Е. Б | 33.000,00 | |
| | | | | - лок. “Лисиче -бараки” У.Е. В | 82.000,00 | |
| | | | | - лок. “Лисиче -бараки” У.Е. Г | 85.000,00 | |
| | | | | Измени и дополнувања на ДУП финансирани од физички и правни лица | 300.000,00 | |
| | | | | Измени и дополнувања на ДУП финансирани од општината | 700.000,00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Локална урбанистичка документација финансирани од физички и правни лица | 300.000,00 | |
| | | | | Локална урбанистичка документација финансирани од Општината | 700.000,00 | |
| | | | | Изработка на архитектонско-урбанистички проекти | 600.000,00 | |
| | | | | Изработка на урбанистички проекти и планови | 2.000.000,00 | |
| | | | | Изработка на ревизии на урбанистички планови | 300.000,00 | |
| | | | | Изработка на елаборати-студии за животна средина | 1.200.000,00 | |
| | | | | Изготвување на план за заштита на земјоделското земјиште на територија од 800 Ха. | 700.000,00 | |
| | | | | Изготвување студија за оправданост на барањето за проширување на границите на ГУП на град Скопје; | 3.000.000,00 | |
| | | | | Почнување на постапка за донесување на урбанистички планови надвор од опфатот на Генералниот урбанистички план за Град Скопје;<br>-изготвување Стратегија за развој на територијата надвор од опфатот на ГУП – 950 Ха;<br>-издавање на Услови за проектирање урбанистички план за територија од 800 Ха;<br>-издавање на Услови за проектирање урбанистички план на територија од 150 Ха; | 1.500.000,00 | |
| | **426000** | | | **Други тековни расходи** | | |
| | | | 426990 | Други оперативни расходи | **10.450.000,00** | |
| | | | а/ | Скенирање и копирање на урбанистички планови | 100.000,00 | |
| | | | б/ | Копирање на изводи од урбанистички планови | 100.000,00 | |
| | | | в/<br>г/ | Скенирање на оштетените урбанистички планови | 50.000,00 | |
| | | | д/ | Ажурирање на геодетски подлоги во границите на ГУП | 600.000,00 | |
| | | | е/ | Ажурирање на геодетски подлоги надвор од границите на ГУП | 1.200.000,00 | |
| | | | ж/ | Изработка на геодетски елаборат со нумерички податоци | 1.200.000,00 | |
| | | | д/ | стратегиска оцена на животната средина | 7.200.000.00 | |

Во текот на реализацијата на Програмата може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција по потреба за што одлучува Советот на Општина Аеродром, додека извршувањето на Буџетот го врши Градоначалникот на Општина Аеродром.

## III. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Општина Аеродром финансира урбанистичко планирање од средствата предвидени со буџетот за 2011 год.

## IV. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и други средства.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Аеродром, Секторот надлежен за комунално уредување, урбанизам и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила, со денот на објавувањето во”Службен гласник на Општина Аеродром”

# ПОТПРОГРАМА
# (Ф2)
# УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
# НА ПОДРАЧЈЕТО
# НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА

**ВОВЕД:**

**Со оваа Потпрограма се уредуваат:**

I. **Изворите за финансирање на потпрограмата .**
II. **Пресметување на трошоците за Уредување на градежното земјиште.**
III. **Начин на распределба на средствата за финансирање на потпрограмата за уредување на градежното земјиште.**
IV. **Динамика за извршување на програмата.**
V. **Преодни и завршни одредби.**

## *I. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТПРОГРАМАТА*

ПОТПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2011 ГОД. СЕ ФИНАНСИРА ОД БУЏЕТОТ ЗА 2011 ГОД.

## *II. ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ*

РАСХОДИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА , СПОРЕД НАМЕНАТА И ПО ПОЕДИНИ ВИДОВИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ СЕ :

### *( Ф2 ) - ПОТПРОГРАМА ( УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ )*

| Ставка | Потставка | Позиција | **Видови на расходи** | Износ во -,оо денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | **12.000.000,00** | |
| **420000** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | | **12.000.000,00** | |
| | **424000** | **Поправки и тековни одржувања** | | **500.000,00** | |
| | | 424390 | Одржување на други градби | 500.000,00 | |
| | | | -Одржување на инфраструктурни објекти на територијата на Општината<br>-Одржување на други градби | | |
| | **425000** | **Договорни услуги** | | 11.000.000,00 | |
| | | 425940 | Рушење на објекти | 11.000.000,00 | |
| | | | - отстранување на времени објекти<br>- отстранување на објекти склони на паѓање<br>- и други објекти<br>- бесправни градби | 11.000.000,00 | |
| | **426000** | **Други тековни расходи** | | **500.000,00** | |
| | | 426990 | Други оперативни расходи | 500.000,00 | |
| | | | - расчистување на градежно земјиште | | |

## III. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Општина Аеродром целосно финансира средства за уредување на градежното земјиште кои се планираат за: Одржување на улици и патишта,одржување на други објекти од инфраструктурата со која се обезбедува пристап од јавен пат и на инсталацијата со приклучоци до градежната парцела, како и за расчистување на градежното земјиште предвидено за градба според ДУП-овите.

## IV. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Аеродром, Секторот надлежен за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила, со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Аеродром”.

**ПОТПРОГРАМА**
**(Ф3)**
**УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА**
**НА ПОДРАЧЈЕТО**
**НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА**

**ВОВЕД:**

**Со оваа Потпрограма се уредува:**

**I Изворите за финансирање на потпрограмата .**
**II Пресметување на трошоците за Уредување на простор во рурални подрачја**
**III Начин на распределба на средствата за финансирање на потпрограмата за Уредување на простор во рурални подрачја.**
**IV Динамика на извршување на програмата**
**V Преодни и завршни одредби**.

**I ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТПРОГРАМАТА**

ПОДПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА 2011 ГОД. СЕ ФИНАНСИРА ОД БУЏЕТОТ ЗА 2011 ГОД.

**II ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА**

РАСХОДИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА, СПОРЕД НАМЕНАТА И ПО ПОЕДИНИ ВИДОВИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА УРЕДУВАЊЕТО НА ПРОСТОРОТ ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ :

***( Ф3 ) - ПОТПРОГРАМА ( ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА )***

| Ставка | Потставка | Позиција | **Видови на расходи** | Износ во -,оо денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ 2.100.000,00** | | | | | |
| **420000** | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.100.000,00** | |
| | **424000** | | **Поправки и тековни одржувања** | **1.000.000,00** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 424390 | Одржување на други градби | 1.000.000,00 | |
| | | | Одржување на инфраструктурни објекти | | |
| | **426000** | **Други тековни расходи** | | **100.000,00** | |
| | | 426990 | Други оперативни расходи | 100.000,00 | |
| **480000** | | | **Капитални расходи** | **1.000.000,00** | |
| | **485000** | | **Други нефинансиски средства** | **1.000.000,00** | |
| | | 485420 | Надомест за одземен имот | 1.000.000,00 | |

## III. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА

Општина Аеродром целосно финансира средства за уредување на простор во рурални подрачја кои се планираат за: Одржување на улици и патишта,одржување на други објекти од инфраструктурата со која се обезбедува пристап од јавен пат и на инсталацијата со приклучоци до градежната парцела.

## IV. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и други средства.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Аеродром преку Секторот за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила, со денот на објавувањето во”Службен гласник на Општина Аеродром”.

# ПОТПРОГРАМА
# ( ФА )
# УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА

**Програмата содржи:**

**I. Просторот на уредување;**
**II. Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште;**
**III. Обем и степен на опремување на градежното земјиште;**
**IV. Финансирање на Програмата;**
**V. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;**
**VI. Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;**
**VII. Начин на распределба на средствата за изградба на инфраструктурата;**
**VIII. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;**

**IX. Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште;**
**X. Динамика за извршување на Програмата;**

## I. ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изграденото и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Аеродром определено со ДУП-ови, без населените места.

## *II. ОБЕМ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ*

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно правните односи,
- расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт).

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот за уредувањето на градежното земјиште со објекти на инфраструктура и начинот на уредување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Службен весник на РМ” бр.88/09), со инфраструктура од значење за Општина Аеродром согласно ДУП-ови, и тоа:

**а) објекти за заедничка комунална потрошувачка:**

- изградба на сервисни и станбени улици и други површини во надлежност на општината согласно ДУП;
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа;
- изградба на јавно осветлување на сервисни и станбени улици;
- изградба на јавно зеленило од надлежност на Општина Аеродром;
- изградба на пречистителна станица за отпадни води (локална).

**б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:**

- изградба на секундарна водоводна мрежа;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна топлификациона мрежа до и со последната шахта;

Целосното опремување на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни претпоставки, технички услови и материјални средства.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

### 1. ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ

Програмата за уредување на градежното земјиште (капитални трошоци) за 2011 год, се финансира од Буџетот на Општина Аеродром за 2011 година.

## *2. РАСХОДИ*

***Расходите за реализација, според намената и по поедини видови елементи за уредувањето на Општина Аеродром се:***

### ПОТПРОГРАМА ( ФА )
### УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА

| **Категорија** | **Ставка** | **Потставка** | **Позиција** | **Видови на расходи** | **Износ во -,оо денари** | **Структура %** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | **186.600.000,00** | |
| **480000** | | | | **Капитални расходи** | **186.600.000,00** | |
| | **482000** | | | **Други градежни објекти** | **183.100.000,00** | |
| | | | 1 | Трошоци за уредување на градежно земјиште за исполнување договорни обврски кон корисниците | | |
| | | | 1.02. | Расходи (трошоци) за уредување на градежно земјиште до градежни парцели за кои Градот Скопје (60%) и Општина Аеродром (40%) создале договорни обврски со корисниците. | | |
| | | | | Изградба на пристапи, сообраќајници и изградба на објекти од инфраструктура за заедничка и индивидуална потрошувачка до градежни парцели, за кои е наплатен надоместок за уредување на градежно земјиште. | | |
| | | | | За договорни обврски кон корисниците на земјиштето од страна на Градот и Општина Аеродром, а се исполнуваат | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | обврските на Градот Скопје и Општина Аеродром по директни барања од корисниците на земјиштето. | | |
| | | | | За сите склучени договори помеѓу Градот Скопје и Општина Аеродром со корисниците на земјиштето., каде е изградена мрежата од инфраструктура, по склучувањето на договорите, веднаш се води постапка за приклучување, а во колку не е изградена мрежата, од било кој вид, се покренува постапка за изработка на проекти и нивна изградба | | |
| | | **482110** | | Подготвување проекти,вклучувајки дизајн на улици,патишта и автопати | **5.500.000,00** | |
| | | | | Сервисни и станбени улици | | |
| | | | | елаборати за животна средина | | |
| | | | | Водоводна мрежа | | |
| | | | | Фекална и атмосферска канализација | | |
| | | | | Топлификациона мрежа | | |
| | | | | Јавно зеленило | | |
| | | | | Јавно осветлување | | |
| | | | | Ревизија на проекти | | |
| | | **482120** | | **Изградба на улици, патишта и автопатишта** | **60.000.000,00** | |
| | | | | *Сервисни и станбени улици* | | |
| | | | | Реонски центар УЕ А | | |
| | | | | | | |

нас. Горно Лисиче

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | УЕ Г | | |
| | | | Ново Лисиче УЕ Г | | |
| | | | Јане Сандански УЕ Г | | |
| | | | Индустриска УЕ В | | |
| | | | Мичурин | | |
| | | | Тротоари | | |
| | | **482720** | **Изградба на капацитети за водоснабдување** | **3.000.000,00** | |
| | | | Изградба на нови водоводни линии | 3.000.000,00 | |
| | | **482910** | **Подготвување проекти, вклучувајки дизајн на други објекти** | **4.000.000,00** | |
| | | | Паркинг простори | | |
| | | | Пешачки патеки | | |
| | | | Детски игралишта | | |
| | | | Спортски игралишта | | |
| | | | Помошни објекти за хендикепирани лица | | |
| | | | Ревизија на проекти | | |
| | | **482920** | **Изградба на други објекти** | **107.600.000,00** | |
| | | | Паркинг простори | | |
| | | | Пешачки патеки | | |
| | | | Детски игралишта | | |
| | | | Спортски игралишта | | |
| | | | Пристапни патеки | | |
| | | | Фекална и атмосферска канализација | | |
| | | | Топлификациона мрежа | | |
| | | | Јавно зеленило | | |
| | | | Јавно осветлување | | |
| | | | изградба на други објекти | | |
| | | **482930** | Реконструкција на други објекти<br>- Расчистување на градежно земјиште за изградба на објекти | **1.000.000,00** | |
| | | **482940** | Надзор на изградба | **2.000.000,00** | |
| | **485000** | | **Други нефинасиски средства** | **3.500.000,00** | |
| | | 485420 | Надоместок за одземен имот | 3.500.000,00 | |

*V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ*

1. **Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за расчистување и опремување.**

а) **Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и за погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.**

б) **Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.**

в) **Трошоците за расчистување и опремување опфаќаат: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.**

в.1) **Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на Градот опфаќаат надоместок за експропријација, како износ на праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста и тоа:**

В.1.1) **Надоместок за експроприрана зграда или друг објект.**

**Во постапката за експропријација, во понудата, висината на надоместокот се определува така што:**

- **градежната вредност на објектот се утврдува во зависност од видот (стан, куќа, деловен, административен простор, дуќан, гаража и сл.), согласно Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ“ бр. 50/05) (во понатамошниот текст: Методологија);**
- **градежната вредност на објектот се намалува за износот на надоместокот за уредување на градежното земјиште, што сопственикот не го платил (во случаи кога објектот добил легализација по основ на градба, односно е изграден пред 15.02.1968 година).**

**Вложувањата во уредувањето се одбиваат од грдежната вредност, затоа што соодветниот локалитет е опремен со соодветни инфраструктурни објекти на кои објектот кој се експроптира е приклучен, со што е зголемена вредноста на објектот и на градежното земјиште на соодветниот локалитет;**

- **градежната вредност на објектот се намалува и за износот на амортизацијата пресметана согласно Методологијата;**
- **местоположбата на објектот кој се експроприра се цени врз основа на зоната на макролокацијата каде се наоѓа истиот, а во согласност со Методологијата.**

**Во постапката за експропријација, во понудата, висината на надоместокот за објекти што заради својата природа не се во промет и за кои не се формира пазарна цена (бунари, огради, ѕидови и сл.), се определува според пазарната вредност на материјалот и работната рака, потребна за изградба на тие објекти, намалена за износот на амортизација.**

В.1.2) **Надоместок за експроприрано земјиште:**

- **Во постапката за експропријација, во понудата, висината на надоместокот се определува согласно пазарната цена на земјиштето утврдена согласно Методологијата.**

**Во постапка за експропријација, во понудата, висината на надоместокот за насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето кое се одзема, се определува врз основа на елементите со помош на кои според обичаите на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.**

в.2) **Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.**

**Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела, ги сноси Инвеститор.**

**Изградените објекти од секундарната комуналната инфраструктура кои остануваат во границите на градежната парцела на Инвеститор или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститор е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од администрацијата на Општина Аеродром за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси Инвеститор.**

2. **Инвеститор е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови и топификациона согласност за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.**

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со Инвеститор се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и Инвеститор, се должни да му ги надоместат на Општина Аеродром.

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

Надоместок

**За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).**

**Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што Инвеститор го склучува со Општина Аеродром за инфраструктура од значење за Општина Аеродром утврдена со ДУП на општина Аеродром.**

**Договорот од предходниот став се склучува во писмена форма.**

**Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2011 год. изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина и истата месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.`**

**Надоместокот може да се плаќа од 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 50% од износот на надоместокот се плаќа**

**веднаш во готово, а остатокот од 11 (единаесет) еднакви месечни рати, за кои инвеститорот е должен кај надлежниот градски орган за финансии да достави банкарска гаранција.**

**Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и Општина Аеродром и истата претставува збир на висината на трошоците од точка 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:**

**1. Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

**Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:**

| КОМПЛЕКСИ | | Основни **комуналии** **+ пречистителна станица (1%)** | **Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс)** | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **станбен простор** | **деловен или друг простор** |
| **1** | | **2** | **3** | **4** |
| **1.** | **ДЕЛ -1** | **22%** | **4%** | **10%** |
| **2.** | **ДЕЛ -2** | **20%** | **2%** | **8%** |
| **3.** | **ДЕЛ -3** | **18%** | **1,5%** | **4%** |
| **4.** | **ДЕЛ -4** | **16%** | **1%** | **2%** |

**2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка**

**Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:**

- **Водоводна мрежа----------------------------------------1,5о%**
- **Фекална канализациона мрежа----------------------1,5о%**
- **Топлификациона мрежа--------------------------------3,2о%**

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,3о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ТТ-мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 1% од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

**3. Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што Инвеститор е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

**Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од Градот опфаќаат:**

- **надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;**
- **трошоци за селидба, уривање на експроприраните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;**
- **дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.**

**Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.**

**Дополнителни одредби за определување на висината на надоместокот**

**За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град, врз основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот за уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на уредување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ( Службен весник на РМ бр.88/09), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (“Службен весник на РМ” бр. 69/99; 102/00, 2/02, 5/04 и 78/08 год.), и Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09 и 124/10);**

**За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;**

**Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;**

**При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот), и не се враќа за пренамена од деловен во станбен простор.**

**За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.**

**За објекти за кои до 01.01.1997 год. (ден на примената на првиот Закон за Градот Скопје од 1996 год.) се склучени договори за надоместок, врз основа на услови за градба кои во меѓувреме се поништени, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс-договор кон основниот договор помеѓу Градот и Инвеститор. Инвеститор е должен да достави документ, дека во предходниот период документацијата му била поништена или не е издадено одобрение за градење.**

**Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е измината важноста, површината не се признава.**

**Доколку земјиштето не е изложено, поточно инвеститорот има поседовен лист за изграден објект за признавање на постојна површина потребно е да достави договор за платен надоместок, проект со урбанистичка согласност и одобрение за градење.**

**Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.**

**Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.**

**За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од Општина Аеродром за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.**

**Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.**

**Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка**

**Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот.**

**За површината на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.**

За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

## VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

**Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:**

- **приходите од надоместок (кои се распределуваат во соодност 60% за Градот Скопје и 40% за општините во градот Скопје),**
- **средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,**
- **самопридонеси,**
- **други стредства,**

**кои се уплатуваат на сметка на Општина Аеродром за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.**

**Трошоците за уредувањето на градежното земјиште ги плаќа 100% Градот Скопје за основната инфраструктура (за магистрални и собирни улици и други примарни инфраструктурни објекти) и 100% Општина Аеродром за секундарната**

**инфраструктура (станбени и сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти), со едно приклучно место за секој објект од инфраструктура за една градежна парцела.**

- **Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено,а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку Инвеститор инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општина Аеродром да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот определен во глава VI, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на идните корисници на земјиштето на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје и Општина Аеродром без надомест.**
- **Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што Инвеститор ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и Општина Аеродром, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.**
- **За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти. При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.**
- **Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и Општина Аеродром, со што се овозможува приклучување на нови корисници кои надоместокот го плаќаат на Градот и Општина Аеродром.**
- **Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и Општина Аеродром договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската конструкција за пуштање на објектите во употреба.**
- **Градот и Општина Аеродром со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги одржуваат.**
- **При регулирање на надоместок Инвеститор е должен во целост да го измири надоместокот за индивидуална потрошувачка, за приклучување на изградена инфраструктура после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (доколку не докаже со документација дека истиот го регулирал).**
- **Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа да се регулираат договорно помеѓу Ј.П.”Водовод и канализација” и Инвеститор, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела од Инвеститор до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П.”Водовод и канализација. Инвеститор може да избере изведувач на работите со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П.”Водовод и канализација”.**

- **Приклучувањето на уличната мрежа, испораката на вода, електрична енергија и topловодно греење, се врши по исполнување на договорните обврски од страна на Инвеститор и Градот Скопје и Општина Аеродром.**

- **Ако Инвеститор се приклучи на изградена комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка без согласност на Градот Скопје и Општина Аеродром, Градот и Општина Аеродром нема да дадат налог за испораките наведени во претходниот став, до договорното регулирање на обврските помеѓу Градот и Општина Аеродром и Инвеститор.**

## VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Градот целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти од значење за Градот, утврдена со Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Одлуката за магистрални и собирни улици (согласно член 10 од Законот за Град Скопје “Службен весник на РМ“ бр. 55/04), а изработката на другите проекти за изградба на секундарни инфраструктурни објекти **Општина Аеродром** (согласно член 15 од Законот за Град Скопје “Службен весник на РМ“ бр. 55/04), согласно договорите за регулирање на надоместокот склучени со корисниците.

## IX. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на Инвеститор, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

Комплексите се утврдени со следните граници:

| КОМПЛЕКС-1 |
|---|

**ДЕЛ-1 (Општина Аеродром)**

Описот започнува од тромеѓето на административните граници помеѓу Општина Аеродром, Општина Гази Баба и Општина Центар поточно на надвозникот над р. Вардар од пругата Скопје-МЖ-Куманово, оди по течението на р. Вардар на исток до мостот на р. Вардар на бул.”Војводина” (1491) и бул.”Србија” (1460), свртува на југ по бул.”Србија” (1460) се до пругата Скопје-МЖ-Велес, каде свртува на запад и ја прати пругата Скопје-МЖ-Велес се до Транспортиниот Центар пратејќи ја западната лира од Транспортниот Центар, административната граница со Општина Центар се до надвозникот над р. Вардар, **каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Аеродром.**

| КОМПЛЕКС-2 |
|---|

ДЕЛ-2- (Општина Аеродром)

**Описот започнува од железничката линија Скопје-МЖ-Велес, оди на север по бул.”Србија” (1460) - ги минува бул.”Јане Сандански” (1455) и бул.”АСНОМ” (1473) и доаѓа до мостот на р. Вардар - оди низводно по р.Вардар до ул.”Февруарски Поход” (1474). Оди на југ по ул.”Февруарски Поход” (1474) до бул.”Видое Смилевски Бато” (1502) - оди на југоисток до отворениот канал на ф-ка “Охис”, свртува на југ и оди по каналот се до железничката линија Скопје-МЖ-Велес - свртува на запад по железничката линија и оди до подвозникот со бул.”Србија” (1460),** каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Аеродром.

| КОМПЛЕКС-3 |
|---|

ДЕЛ-3- (Општина Аеродром)

Описот започнува од мостот на ул.”Февруарски Поход” (1474) и р. Вардар, оди низводно на исток по р. Вардар до отворениот канал на ф-ка “Охис” и железниот мост на р.Вардар односно меѓна белега број 1, поточно до тромеѓата помеѓу КО Маџари, КО Трубарево и КО Кисела Вода 2 меѓна белега број 1 ДЛ.7Н10-9-12. Од тука свртува и оди по каналот до бул.”Видое Смилевски Бато” (1502) - оди по булеварот на северо-запад до крстосница со ул.”Февруарски Поход” (1474) - потоа скршнува на североисток по ул.”Февруарски Поход” (1474) до р. Вардар, **каде завршува описот на комплекс-3 за Општина Аеродром.**

| КОМПЛЕКС-4 |
|---|

ДЕЛ-4 - (Општина Аеродром- нас. Горно Лисиче)

Описот започнува од тромеѓата помеѓу КО Маџари, КО Трубарево и КО Кисела Вода 2 меѓна белега број 1 ДЛ.7Н10-9-12 железниот мост на р.Вардар. Од оваа тромеѓа граничната линија продолжува во истот правец по источната страна на жел. пруга Скопје-МЖ-Белград (КП 6668) КО Кисела Вода 2, пратејќи ја катастарската граница помеѓу КО Горно Лисиче и КО Кисела Вода2, ДЛ.7Н10-9-11, ДЛ.7Н10-9-14, ДЛ.7Н10-9-17, ДЛ.7Н10-19-2, ДЛ.7Н10-19-1 и ДЛ.7Н10-19-5 се до меѓна белега број 3 помеѓу КО Кисела Вода 2 и КО Горно Лисиче, продолжува северозападно по пругата до ДЛ 7Н10-8-14 и ДЛ 7Н10-8-17 односно до отворениот канал на ф-ка”Охис”, оди по каналот североисточно по ДЛ 7Н10-8-15, ДЛ 7Н10-9-13, ДЛ 7Н10-9-14, ДЛ 7Н10-9-11 односно до новопроектираната улица “1505”, ја сече новопроектираната ул.”1503”, го прати отворениот канал на ф-ка”Охис” се до тромеѓата помеѓу КО Маџари, КО Трубарево и КО Кисела Вода 2 меѓна белега број 1 ДЛ.7Н10-9-12, поточно железниот мост на р.Вардар, каде завршува описот на комплекс-4 за Општина Аеродром - нас. Горно Лисиче.

Границите на комплексите одат по оската на улицата со кои се одредува комплексот.

## X. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

**Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот и другите средства.**

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. **Во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција, за што ќе одлучува Советот на Општина Аеродром, додека извршувањето на Буџетот го врши Градоначалникот на Општина Аеродром.**

2. **За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Аеродром.**

3. **Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во”Службен гласник на Општина Аеродром”, а ќе се применува од 01.01.2011 година.**

**Број 07- /1**
**____ декември 2010 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Аеродром**
**Претседател,**
Виктор Камилоски с.р.

## ПОТПРОГРАМА
## (ФД)
## УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ) НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА

**ВОВЕД:**

**Со оваа Потпрограма се уредува:**

**I. Просторот на уредување;**
**II. Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште;**
**III. Обем и степен на опремување на градежното земјиште;**
**IV. Финансирање на Програмата;**
**V. Пресметување на трошоците за уредување на просторот ( градежно земјиште) во рурални подрачја;**
**VI. Висина на надоместок за делумно уредување на градежното земјиште и неговата распределба;**
**VII. Начин на распределба на средствата за изградба на инфраструктурата;**
**VIII. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;**
**IX. Граници на комплексите за наплата на надоместокот за делумно уредување на градежното земјиште;**
**X. Динамика за извршување на Програмата;**
**XI . Преодни и завршни одредби.**

### I. ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изградено и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Аеродром што не е определено со урбанистички план.

### *II. ОБЕМ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ*

### *НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ*

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно правните односи,
- расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт).

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Градежното земјиште се уредува во обем и степен на делумно уредување согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежно земјиште и начинот на пресметување на трошоци за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (“Службен весник на РМ” бр. 80/01 и 85/01), со инфраструктура од значење за Општина Аеродром , и тоа:

**а) објекти за заедничка комунална потрошувачка:**

- изградба на јавен пат и други површини согласно урбанистички план во надлежност на општината;
- изградба на атмосферска канализациона мрежа;
- изградба на јавно осветлување;
- изградба на јавно зеленило;
- изградба на пречистителна станица за отпадни води (централна).
- изградба на водоводна мрежа;
- изградба на фекална канализациона мрежа;
- изградба на гасоводна мрежа;

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

### 1. ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ

Програмата за уредување на градежното земјиште (капитални трошоци) за 2011 год, се финансира од Буџетот на Општина Аеродром за 2011 година.

### *2. РАСХОДИ*

***Расходите за реализација, според намената и по поедини видови елементи за уредувањето на Општина Аеродром се:***

***( Ф Д ) - ПОТПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ )***

| Ставка | Потставка | Позиција | **Видови на расходи** | Износ во -,оо денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** **42.300.000,00** | | |
| **480000** | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **42.300.000,00** | |
| | **482000** | | **Други градежни објекти** | **7.300.000,00** | |
| | | **1.** | Трошоци за уредување на градежно земјиште за исполнување договорни обврски кон корисниците | | |
| | | **1.2** | Расходи (трошоци) за делумно уредување на градежно земјиште до градежни парцели за кои Општина Аеродром создала договорни обврски со корисниците.<br><br>Изградба на пристапи, сообраќајници и изградба на објекти од инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка до градежни парцели, за кои е наплатен надоместок за делумно уредување на градежно земјиште. | | |
| | | 482110 | Подготвување проекти,вклучувајки дизајн на улици, патишта и автопати | 1.500.000,00 | |
| | | 482120 | Изградба на улици,патишта и автопати | 3.800.000,00 | |
| | | | | | |
| | | 482910 | Подготвување проекти , вклучувајќи дизајн на други објекти | 500.000,00 | |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | 800.000,00 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Тротоари и пристапни патеки<br>Водоводна мрежа<br>Фекална и атмосферска канализација<br>Топлификациона мрежа<br>Јавно зеленило<br>Препумпна станица<br>Пречестителна станица<br>Јавно осветлување | | |
| | | 482930 | Реконструкција на други објекти | 700.000,00 | |
| | **485000** | | **Други нефинансиски средства** | **35.000.000,00** | |
| | | 485420 | Надомест за одземен имот | 35.000.000,00 | |

### *V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ*

1. Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка и трошоци за расчистување и опремување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната и секундарната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и за погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

в) Трошоците за расчистување и опремување опфаќаат: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретна градежна парцела што паѓаат на товар Општина Аеродром опфаќаат:

- износот на надомест даден како предлог-надомест во постапка за експропријација на објекти според пазарната вредност на становите или деловниот простор во најблиската околина до експроприраните објекти или објектите што се експроприраат, намалена за износот:
  - на вложените средства во објектите за комуналната инфраструктура (водоводна, фекална, топлификациона, нисконапонска електрична, ТТ инсталација, лифт и засолниште), кои не се изведени во експропријаниот објект,
  - на надоместок за уредување на градежно земјиште што не е платен за објекти кои се експроприраат, а се изградени по 01.01.1966 година и

- на степенот на амортизацијата на објектот.
- износот на надомест даден како предлог-надомест во постапка за експропријација на објекти што заради својата природа не се во промет и за кои не се формира пазарна цена (бунари, огради, зидови и сл.), според пазарната вредност на материјалот и работната рака, потребна за изградба на тие објекти, намалена за износ на амортизација;
- трошоците за селидба на сопствениците и уривањето на експроприраните објекти, според тековни цени;
- износот на надомест даден како предлог-надомест за земјиште што треба да се одземе и тоа 14% од основните комуналии за земјиште од 5-ти комплекс и 10 % за земјиште од 6-ти комплекс;
- износот на надомест даден како предлог-надомест за насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето што се одзема, врз основа на елементите со помош на кои според обичаите на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, се пресметуваат со претпоставени количини според приложениот проект за изведување на објекти од комуналната инфраструктура.

Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, за делот во границите на градежната парцела, ги сноси Инвеститор.

Изградените објекти од комуналната инфраструктура кои остануваат во границите на градежната парцела на Инвеститор или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститор е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од администрацијата на Општина Аеродром, за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси Инвеститор.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за проектирање и изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со Инвеститор се должни да ги сносат трошоците настанати во врска со превземените обврски од договорот. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и Инвеститор, се должни да ги надоместат на Општина Аеродром.

## *VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА*

**Надоместок**

За уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за делумно уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот и начинот на плаќање се регулира со договор за делумно уредување на градежното земјиште што Инвеститор го склучува со Општина Аеродром за изградба на инфраструктурни објекти.

Договорите од предходниот став се склучуваат во писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2008 год. изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина и истата месечно се усогласува со промената на индексот на пораст на цените на мало. За месеците за кои не е објавен индексот со промената на цената на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместок се плаќа од **6 (шест) до 12 (дванаесет)** месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари. Првата рата во висина од **30% до 50%** од износот на надоместокот се плаќа веднаш во готово, а остатокот од **5 (пет) до 11 (единаесет)** еднакви месечни рати, за кои Инвеститор е должен кај надлежниот општински орган за финансии да достави банкарска гаранција.

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Општина Аеродром и тоа:

1. **Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

| КОМПЛЕКСИ | | Основни комуналии + пречистител на станица (1%) | Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен простор | деловен или друг простор |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ДЕЛ -5 | 14% | 0.5% | 1.0 % |
| 2. | ДЕЛ -6 | 10% | 0% | 0.5 % |

**Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што Инвеститор е должен да ги надомести на Општина Аеродром за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела ,исплатени од Општина Аеродром опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експроприраните објекти, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

**Дополнителни одредби за определување на висината на надоместокот**

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на просторот, се наплатува надоместок на ниво на Град и Општина Аеродром, врз основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост („Службен весник на РМ” бр. 80/2001 и 85/2001) и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти („Службен весник на РМ” бр. 69/1999; 102/2000; 2/2002; 5/2004 и 78/2008) и Законот за просторно и урбанистичко планирање – Пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр. 24/08);

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,1 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

Надоместокот за пренамена од станбен во деловен простор се наплатува еднократно, според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот), а средствата се неповратни.

Надоместокот за пренамена од деловен во станбен простор не се наплатува.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со урбанистичкиот план веќе постојат објекти, кои со урбанистичкиот план се негираат, Инвеститор е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со урбанистичкиот план.

Доколку Инвеститор поради постапки и акти кои се спротивни на важечките закони не го гради објектот во согласност со одобрението за градење и биде спречен во градбата од надлежните органи, а понатаму не продолжи со градбата според издаденото одобрение, нема право да бара поврат на уплатениот надоместок за делумно уредување на градежното земијште и истиот му се задржува во целост.

Доколку поради некои други објективни причини (елементарна непогода, смрт и др.) Инвеститор не отпочне со градба на објектот, има право, по предходно писмено барање до Општина Аеродром, на поврат на уплатениот надоместок, на начин кој ќе биде регулиран со посебен договор.

Инвеститор е должен да прибави одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот за делумно уредување на градежното земјиште. Доколку Инвеститор не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на Инвеститор може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

За градежното земјиште кое делумно се уредува, Инвеститор на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок..

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот.

За површината на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се урива ат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на Инвеститор, Инвеститор го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела

## VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:

- приходите од надоместок,
- самопридонеси,
- други стредства,

кои се уплатуваат на сметка на Општината Аеродром за делумно уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.

Трошоците за делумното уредувањето на градежното земјиште до градежната парцела ги плаќа Општината Аеродром, со обезбедено едно приклучно место за секој објект од инфраструктура за една градежна парцела.

- Ако Инвеститор се приклучи на изградена комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка без согласност на Општина Аеродром, Општина Аеродром нема да даде налог за приклучување на изградените инфраструктурни објекти, до договорното регулирање на обврските помеѓу Општина Аеродром и Инвеститор.

## VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општина Аеродром ја финансираат изработката на документацијата за градење на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка, утврдена со урбанистички план, согласно договорите за регулирање на надоместокот склучени со корисниците.

## IX. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Надоместок се наплатува за комплекс на градежното земјиште кое е опфатено со урбанистички план и актите што ги заменуваат тие планови, а зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на Инвеститор, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка комунална потрошувачка.

### КОМПЛЕКС-5

**ДЕЛ-5 - (Општина Аеродром- КО Горно Лисиче и КО с. Долно Лисиче)** комплекс дефиниран со Одлука бр. 08-228/6 од 13.05.98 год за изменување на Одлуката за начинот на изградба на населени места во Општина Кисела Вода кои немаат урбанистичка документација.

### КОМПЛЕКС-6

**ДЕЛ-6 - (Општина Аеродром- с. Долно Лисиче)** комплекс дефиниран со основен урбанистички план за село Долно Лисиче заверен под бр. 12-4984 од 10.08.1987 год.

## X. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот и другите средства.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Аеродром, Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во Општина Аеродром.

Оваа Програма влегува во сила, со денот на објавувањето во ”Службен гласник на Општина Аеродром".

Број 07- 430/62
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата (Г) Локален економски развој

Се објавува Програмата (Г) Локален економски развој, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/67
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) , член 16 точка 3 и член 24 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје” бр. 7/05 ), а во врска со член 15 став 1 точка 3 од Законот за Град Скопје („Службен весник на РМ” бр. 55/04) , Советот на Општина Аеродром на 42-та седница одржана на 10.12.2010 година, донесе:

**ПРОГРАМА Г**

**ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

**ПОТПРОГРАМА**
**( Г1 )**
**ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

**ВОВЕД:**

**Програмата ( Г ) ја содржи следната потпрограма:**

**Г1 - Поддршка на локалниот економски развој**

**Со оваа Програма се уредува:**

**-Изворите за финансирање на Програмата**
**- Пресметување на трошоците за образовни услуги, договорни услуги и изградба на објекти**
**-Начин на распределба на средствата за образовни услуги, договорни услуги и изградба на објекти**
**-Динамика за извршување на Програмата**
**-Преодни и завршни одредби**

***III. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТПРОГРАМАТА***

ПОТПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2011 ГОДИНА СЕ ФИНАНСИРА ОД БУЏЕТОТ ЗА 2011 ГОДИНА.

***IV. ТРОШОЦИ ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

РАСХОДИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА, СПОРЕД НАМЕНАТА И ПО ПОЕДИНИ ВИДОВИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ:

***( Г1 ) ПОТПРОГРАМА (ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ)***

| Ставка | Потставка | Позиција | **Видови расходи** | Износ во -,оо денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **1.100.000,00** | |
| **420000** | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.100.000,00** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **423000** | **Стоки и услуги** | | **150.000,00** | |
| | | 423410 | Прехранбени продукти и пијалоци | 150.000,00 | |
| | | | Потребни продукти за различни манифестации во организација на Општина Аеродром ( ден на дрвото, форум на заедницата) | | |
| | **425000** | **Договорни услуги** | | **550.000,00** | |
| | | 425110 | Изнајмување на канцелариски простор | 50.000,00 | |
| | | | • Формирање на бизнис инкубатор | | |
| | | 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 200.000,00 | |
| | | | • Промотивни материјали за Општина Аеродром<br>• Промотивни материјали при посета на странски инвеститори, и прирачници | | |
| | | 425990 | Други договорни услуги | 300.000,00 | |
| | **426000** | **Други тековни расходи** | | **400.000,00** | |
| | | 426990 | Други оперативни расходи | 200.000,00 | |
| | | 426310 | - Студија за енергетска ефикасност на објектите во сопственост на Општина Аеродром | | |
| | | | Семинари и конференции | 200.000.00 | |

## I. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ

Општина Аеродром целосно ја финансира поддршката  на локалниот економски развој.

## II. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Аеродром преку надлежниот Секторот надлежен за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила, со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром.

## ПОТПРОГРАМА
## ( ГА )
## ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ

**ВОВЕД:**

**Програмата ( Г ) ја содржи следната потпрограма:**

**ГА - Изградба на комерцијални објекти**

**Со оваа Програма се уредува:**

**III. Изворите за финансирање на Програмата**
**IV. Пресметување на трошоците за изградба на комерцијални објекти**
**V. Начин на распределба на средствата за финансирање на комерцијалните објекти**
**VI. Динамика за извршување на Програмата**
**VII. Преодни и завршни одредби**

### *I. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТПРОГРАМАТА*

ПОТПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ ЗА 2011 ГОДИНА СЕ ФИНАНСИРА ОД БУЏЕТОТ ЗА 2011 ГОДИНА.

### *II. ТРОШОЦИ ЗА ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ*

РАСХОДИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА, СПОРЕД НАМЕНАТА И ПО ПОЕДИНИ ВИДОВИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ:

***( ГА ) ПОТПРОГРАМА (ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ)***

| Ставка | Потставка | Позиција | **Видови расходи** | Износ во -,оо денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 480000 | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **200.000,00** | |
| | **482000** | | **Други градежни објекти** | **200.000,00** | |
| | | 482910 | **VIII.** Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на други објекти | 200.000,00 | |
| | | | - Изработка на други проекти | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**IX. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ**

Општина Аеродром целосно финансира изработка на документација за градење и изградба на комерцијални објекти, утврдени со деталниот урбанистички план на Општина Аеродром.

**X. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства.

**XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Аеродром, Секторот надлежен за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила, со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 07- 430/66
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата (Р) Заштита на животната средина и природа
на Општина Аеродром за 2011 година

Се објавува Програмата (Р) Заштита на животната средина и природа на Општина Аеродром за 2011 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/69
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) , член 16 точка 2 и член 24 од Статутот на Општина Аеродром („Службен гласник на Град Скопје” бр. 7/05 ), а во врска со член 15 став 1 точка 2 од Законот за Град Скопје („Службен весник на РМ” бр. 55/04 ) и Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09), Советот на Општина Аеродром на 42-та, одржана на 10.12.2010 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
# (Р)
# ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА

**ВОВЕД:**

**Програмата ( Р ) ги содржи следните потпрограми:**

**Р 1** **Заштита на животната средина и природа**
**Р А** **Заштита на животната средина и природа (Капитални расходи)**

Со оваа Програма се уредуваат:

VI. **Изворите за финансирање на Програмата**
VII. **Пресметување на трошоците за Заштита на животната средина и природа**
VIII. **Начин на распределба на средствата за финансирање за Заштита на животната средина**
IX. **Динамика за извршување на Програмата**
X. **Преодни и завршни одредби**

## *V. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА СЕ ФИНАНСИРА ОД БУЏЕТОТ ЗА 2011 ГОДИНА.

## *VI. ТРОШОЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА*

РАСХОДИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА, СПОРЕД НАМЕНАТА И ПО ПОЕДИНИ ВИДОВИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ СЕ:

## *(Р1) ПОТПРОГРАМА - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА*

| Ставка | Потставка | Позиција | Видови расходи | Износ во -,оо денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |
| | | | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **500.000,00** | |
| **420000** | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **500.000,00** | |
| | **425000** | | **Други градежни објекти** | **500.000,00** | |
| | | 425630 | - Испитување на квалитетот на водите и воздухот | 500.000,00 | |

***(РА) ПОТПРОГРАМА - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)***

| Ставка | Потставка | Позиција | Видови расходи | Износ во -,оо денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |
| | | | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **800.000,00** | |
| **480000** | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **800.000,00** | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | **482000** | | **Други градежни објекти** | **800.000,00** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | 482910 | - Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на други објекти | 300.000,00 | |
| | | | - Пречистителна станица во Долно Лисиче (анаеробна станица)<br>- Изготвување проект за селектирање на отпад | | |
| | | 482920 | - Изградба на други објекти | 500.000,00 | |

## III. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)

Општина Аеродром целосно ја финансира Програмата за заштита на животната средина и природата.

## IV. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средства.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Аеродром, Секторот надлежен за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила, со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Аеродром”.

Број 07- 430/68
13 декември 2010 година
Скопје

Претседател на совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром (“Службен гласник на Град Скопје” број 07/05 и „Службен гласник на Општина Аеродром” број 07/06 и 02/2010), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата (Ј) Комунални дејности
на подрачјето на Општина Аеродром за 2011 година

Се објавува Програмата (Ј) Комунални дејности на подрачјето на Општина Аеродром за 2011 година, донесена на четириесет и втората седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на ден 10.12.2010 година.

Број 08-430/65
13 декември 2010 година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр. 5/02), член 16 точка 4 и член 24 од Статутот на Општина Аеродром („Сл. гласник на Град Скопје” бр. 7/05), а во врска со член 15 став 1 точка 4 од Законот за Град Скопје („Сл. весник на РМ” бр. 55/04), член 45 и член 46 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ” бр. 82/08), Советот на Општина Аеродром на 42-та седница одржана на 10.12.2010 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
(Ј)
КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2011 ГОДИНА

ВОВЕД:

Програмата ( Ј ) ги содржи следните потпрограми :

Ј0 Одржување на урбана опрема
Ј2 Одведување и пречистување на отпадни води
Ј3 Јавно осветлување
Ј6 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај
Ј7 Одржување и користење на паркови и зеленило
Ј8 Други комунални услуги
Ј9 Одржување на простори за паркирање
ЈА Изградба на јавно осветлување
ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта и улици
ЈЕ Изградба на простор за паркирање
ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација
ЈГ Изградба на системи за водоснабдување
ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води
ЈМ Паркови и зеленило / капитални расходи /
ЈН Урбана опрема / капитални расходи /

Со оваа Програма се уредува:

I. Изворите за финансирање на Програмата
II. Пресметување на трошоците за комунални дејности
III. Начин на распределба на средствата за финансирање на комуналните дејности
IV. Динамика за извршување на Програмата
V. Преодни и завршни одредби

I. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2011 ГОДИНА СЕ ФИНАНСИРА ОД БУЏЕТОТ ЗА 2011 ГОДИНА.

II. ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

РАСХОДИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА, СПОРЕД НАМЕНАТА И ПО ПОЕДИНИ ВИДОВИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ СЕ:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **( JO ) - ПОТПРОГРАМА (ОДРЖУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА)** | | | |
| позиција | Видови расходи | Износ во денари | структура % |
| 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | ***15,100,000.00*** | |
| **СТОКИ И УСЛУГИ** | | ***15,100,000.00*** | |
| **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | | **1,500,000.00** | |
| *421120* | *Водовод и канализација* | *1,500,000.00* | |
| | Потрошена вода за чешмички и фонтани во ОА | | |
| **Поправки и тековно одржување** | | **13,200,000.00** | |
| *424390* | *Одржување на други градби* | *13,200,000.00* | |
| | Санација на клупи и корпи | | |
| | фонтани | | |
| | јавни чешми за пиење вода | | |
| | Детски игралишта | | |
| | спортски игралишта | | |
| | Друга урбана опрема | | |
| **Договорни услуги** | | **400,000.00** | |
| *425980* | *Надзор над одржување на изградбата* | *400,000.00* | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **( J2 ) - ПОТПРОГРАМА (ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ)** | | | |
| позиција | Видови расходи | Износ во денари | структура % |
| 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **150,000.00** | |
| **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **150,000.00** | |
| **Поправки и тековно одржување** | | **100,000.00** | |
| *424390* | *Одржување на други градби* | *100,000.00* | |
| | атмосферска канализација | | |
| | фекална канализација | | |
| | чистење на каналите за одведување на отпадни вода | | |
| | чистење на усјански канал | | |
| **Договорни услуги** | | **50,000.00** | |
| *425980* | *Надзор над одржување на изградбата* | 50,000.00 | |
| | | | |
| **( J3 ) - ПОТПРОГРАМА (ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ)** | | | |
| позиција | Видови расходи | Износ во денари | структура % |
| 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **28,900,000.00** | |
| **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **28,900,000.00** | |
| **Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт** | | **16,000,000.00** | |
| *421110* | *Електрична енергија* | *16,000,000.00* | |
| | Потрошена ел. енергија за ЈО | | |
| **Поправки и тековно одржување** | | **12,500,000.00** | |
| *424390* | *Одржување на други градби* | *12,500,000.00* | |
| | Набавка на материјали за одржување на ЈО | | |
| | Одржување на ЈО | | |
| **Договорни услуги** | | **400,000.00** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *425980* | *Надзор над одржување на изградбата* | *400,000.00* | |
| | | | |
| **( Ј6 ) - ПОТПРОГРАМА (ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ)** | | | |
| позиција | Видови расходи | Износ во денари | структура % |
| 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **95,550,000.00** | |
| **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **95,550,000.00** | |
| **Поправки и тековно одржување** | | **93,500,000.00** | |
| *424320* | *Одржување автопати, улици и патишта* | *88,000,000.00* | |
| | зимско одржување | | |
| | санација на ударни дупки | | |
| | санација на прекопи | | |
| | санација на деформации на коловози и тротоари | | |
| | Одржување на улици | | |
| *424390* | *Одржување на други градби* | *5,500,000.00* | |
| | Одржување на пешачки патеки и јавни пешачки површини на територија на Општина Аеродром | | |
| **Договорни услуги** | | **1,500,000.00** | |
| *425980* | *Надзор над одржување на изградбата* | *1,500,000.00* | |
| **Други градежни објекти** | | **550,000.00** | |
| *482110* | *Подготвителни проекти вклучувајќи и дизајн на улици, патишта, автопати* | *550,000.00* | |
| | Основни проекти | | |
| | Ревизија на проекти | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **( Ј7 ) - ПОТПРОГРАМА (ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО)** | | | |
| позиција | Видови расходи | Износ во денари | структура % |
| 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **19,900,000.00** | |
| **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | **1,200,000.00** | |
| **Основни плати** | | **1,200,000.00** | |
| *401320* | *Персонален данок на доход од надоместоци* | *1,200,000.00* | |
| **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **18,700,000.00** | |
| **Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки** | | **2,400,000.00** | |
| *423310* | *Униформи* | *1,000,000.00* | |
| *423320* | *Обувки* | *300,000.00* | |
| *423720* | *Материјали за разни поправки* | *100,000.00* | |
| *423810* | *Ситен инвентар* | *300,000.00* | |
| | хидрантски вентили | | |
| | контејнери за алат | | |
| *423830* | *Резервни делови* | *300,000.00* | |
| *423990* | *Други материјали* | *400,000.00* | |
| | вреќи | | |
| | алати | | |
| | црево | | |
| | други материјали | | |
| **Поправки и тековно одржување** | | **1,100,000.00** | |
| *424440* | *Поправки и одржување на опрема* | *700,000.00* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| <u>*424510*</u> | <u>*Одржување зелени површини околу зградите*</u> | <u>*100,000.00*</u> | |
| | јавни зелени површини околу зградите | | |
| <u>*424590*</u> | <u>*Одржување други зелени површини*</u> | <u>*300,000.00*</u> | |
| | Населба Лисиче | | |
| | село Долно Лисиче | | |
| | одржување на јавни зелени површини на територијата на општината (хортикултурно уредување) | | |
| | Расчистување на депонии и отстранување на отпад | | |
| **Договорни услуги** | | **14,000,000.00** | |
| <u>*425990*</u> | <u>*Други договорни услуги*</u> | <u>*13,500,000.00*</u> | |
| <u>*425980*</u> | <u>*Надзор над одржување на изградбата*</u> | <u>*500,000.00*</u> | |
| **Други тековни расходи** | | **200,000.00** | |
| <u>*426990*</u> | <u>*Други оперативни расходи*</u> | <u>*200,000.00*</u> | |
| **Привремени вработувања** | | **500,000.00** | |
| <u>*427110*</u> | <u>*Привремени вработувања*</u> | <u>*500,000.00*</u> | |
| **Други градежни објекти** | | **500,000.00** | |
| <u>*482910*</u> | <u>*Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти*</u> | <u>*500,000.00*</u> | |
| - | Основни проекти | | |
| | Ревизија на проекти | | |
| - | - | - | |
| **( J8 ) - ПОТПРОГРАМА (ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ)** | | | |
| позиција | Видови расходи | Износ во денари | структура % |
| 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | **1,100,000.00** | |
| **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **850,000.00** | |
| **Поправки и тековно одржување** | | **750,000.00** | |
| <u>*424230*</u> | <u>*Дезинфекција, дезинсекција и дератизација*</u> | <u>*750,000.00*</u> | |
| **Други тековни расходи** | | **100,000.00** | |
| <u>*426990*</u> | <u>*Други оперативни расходи*</u> | <u>*100,000.00*</u> | |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **250,000.00** | |
| **Други градежни објекти** | | **250,000.00** | |
| <u>*482910*</u> | <u>*Подготвување проекти, вклучувајќи и дизајн на други објекти*</u> | <u>*100,000.00*</u> | |
| <u>*482920*</u> | <u>*Изградба на други објекти*</u> | <u>*150,000.00*</u> | |
| | | | |
| **(J 9 ) ПОТПРОГРАМА (ОДРЖУВАЊЕ ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ)** | | | |
| позиција | Видови расходи | Износ во денари | структура % |
| 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | |
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | **550,000.00** | |
| **СТОКИ И УСЛУГИ** | | **550,000.00** | |
| **Поправки и тековно одржување** | | **500,000.00** | |
| <u>*424390*</u> | <u>*Одржување на други градби*</u> | <u>*500,000.00*</u> | |
| | Одржување на сервисни улици со паркинг простори на територијата на Општина Аеродром | | |
| | − други сервисни улици со паркинг простор на територија на Општина Аеродром | | |
| | Одржување паркинг простори на територијата на Општината Аеродром | | |
| | − Одржување на други паркинг простори | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Договорни услуги** | | **50,000.00** | |
| *425980* | *Надзор над одржување на изградбата* | *50,000.00* | |
| **(Ј А ) ПОТПРОГРАМА (ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ)** | | | |
| позиција | Видови расходи | Износ во денари | структура % |
| 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **22,820,000.00** | |
| **Други градежни објекти** | | **22,820,000.00** | |
| *482910* | *Подготвување проекти, вклучувајќи и дизајн на други објекти* | *2,000,000.00* | |
| | за јавно осветлување | | |
| | студија за енергетска ефикасност | | |
| | стручна ревизија | | |
| *482920* | *Изградба на други објекти* | *20,520,000.00* | |
| | ***нови линии за јавно осветлување на територијата на Општина Аеродром** | **18,520,000.00** | |
| | бул. АВНОЈ бр 11 | | |
| | ул. „Владимир Комаров", патеки помеѓу згради бр. 6, 8, 10, 12; | | |
| | ул. „Владимир Комаров", патеки помеѓу згради бр. 14, 16. | | |
| | бул. Јане Сандански бр. 104 и 88 | | |
| | бул. „Јане Сандански", патеки позади згради бр. 46, 48 , 50, 52. | | |
| | бул. АСНОМ бр. 8 и 12 | | |
| | бул. „Јане Сандански", паркинг кај зграда бр. 81. | | |
| | бул. АСНОМ бр. 51 и 55 | | |
| | ул. Мите Богоевски - Србија 1 | | |
| | бул. В. С. Бато од детска улица до бр. 33 и 35 | | |
| | бул. АСНОМ патеки и паркинг кај зграда бр. 44, 46, 74, 72, 70, 66, 62, 52, 50 и 46 | | |
| | бул. АСНОМ бр. 2, 6, 10, 22, 24, 26 и 30 | | |
| | бул. АВНОЈ бр. 34, 35, 38 и 40 | | |
| | Изградба на други линии за јавни осветлување | | |
| | *** Добивање на електроенергетски согласности од ЕВН** | **2,000,000.00** | |
| *482940* | *Надзор над изградбата* | *300,000.00* | |
| | | | |
| | | | |
| **(Ј Д ) ПОТПРОГРАМА (ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ)** | | | |
| позиција | Видови расходи | Износ во денари | структура % |
| 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **36,800,000.00** | |
| **Други градежни објекти** | | **36,800,000.00** | |
| *482110* | *Подготвителни проекти вклучувајќи и дизајн на улици, патишта, автопатишта и пешачки патеки* | *1,500,000.00* | |
| | Идеен проект | | |
| | Сообраќаен проект | | |
| | Основен проект | | |
| | Стручна ревизија на проекти | | |
| | Елаборат за изложување на земјиште | | |
| | Нумерички податоци | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Елаборат за геомеханички испитувања | | |
| | Елаборат за протокол | | |
| | други елаборати и проекти | | |
| *482120* | *Изградба на улици, патишта и автопатишта* | *500,000.00* | |
| | • Изградба на сервисни и станбени улици | | |
| | На територијата на Општина Аеродром | | |
| *482130* | *Реконструкција на улици, патишта и автопатишта* | *26,500,000.00* | |
| | **Реконструкција на сервисни и станбени улици** | 26,500,000.00 | |
| | населба Мичурин | | |
| | други улици на територијата на општината | | |
| *482920* | *Изградба на други објекти* | *7,500,000.00* | |
| | **• Тротоари** | 500,000.00 | |
| | На територијата на Општина Аеродром | | |
| | **• Пешачки патеки** | 7,000,000.00 | |
| | Колско пешачки патеки на територијата на Општина Аеродром | | |
| | Пешачки патеки на територија на Општина Аеродорм | | |
| *482930* | *Реконструкција на други објекти* | *300,000.00* | |
| | други објекти | | |
| *482940* | *Надзор над изградбата* | *500,000.00* | |
| | | | |
| | | | |

**(Ј Е ) ПОТПРОГРАМА (ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ)**

| позиција | Видови расходи | Износ во денари | структура % |
|---|---|---|---|
| 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | **63,400,000.00** | |
| **Купување на опрема и машини** | | **100,000.00** | |
| *480190* | *Купување на друга опрема* | *100,000.00* | |
| **Други градежни објекти** | | **63,300,000.00** | |
| *482910* | *Подготвителни проекти вклучувајќи и дизајн на објекти* | *1,500,000.00* | |
| | Идеен проект | | |
| | Сообраќаен проект | | |
| | Основен проект | | |
| | Стручна ревизија на проекти | | |
| | Елаборат за изложување на земјиште | | |
| | Елаборат за нумерички податоци | | |
| | Елаборат за геомеханички испитувања | | |
| | Елаборат за протокол | | |
| | други елаборати и проекти | | |
| *482920* | *Изградба на други објекти* | *61,000,000.00* | |
| | Изградба на паркинг простори на територија на Општина аеродром | 61,000,000.00 | |
| *482940* | *Надзор над изградбата* | *800,000.00* | |
| | | | |
| | | | |

